**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:
- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 10.10.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4418 | 1 | |

во 15:40


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 25 септември до 4 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 10 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван од 25 септември до 4 октомври 2017 година, на македонски јазик, **е констатирано прекршување на член 75 став 1 од Изборниот законик.** Медиумот не обезбеди избалансирано покривање на Локалните избори 2017 година во првите десет дена од изборната кампања. Во вестите беше фокусиран на активностите на двете големи коалиции предводени од ВМРО ДПМНЕ и од СДСМ при што, споредено со телевизиите на државно ниво кои имаат сличен начин на реализација на вестите, одвои забележливо повеќе време за Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ.

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на радиодифузерот, а од дневно - информативните емисии анализирани се две изданија на Вестите, во 17 часот и 30 минути и во 23 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Во периодот од 25 септември до 4 октомври 2017 година, примерокот за мониторинг на ТВ Алфа е проширен на две изданија на дневно-информативните емисии, оттаму анализата на изборното медиумско претставување е спроведена врз вкупно 20 изданија на вестите. Вкупната должина на анализираните прилози изнесува 7 часа 35 минути и 53 секунди.

*Табела 1: Структура на темите по субјекти*

| ТВ АЛФА | | | |
|---|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент | |
| Активности на органите на власт | | | |
| Влада на РМ | 00:33:42 | 43.19 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:39 | 3.40 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:03:00 | 3.84 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:01:19 | 1.69 | % |
| Други субјекти | 00:06:21 | 8.14 | % |
| Судство | 00:07:05 | 9.08 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:25 | 0.53 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:25 | 1.82 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:17:55 | 22.96 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:17 | 0.36 | % |
| Граѓански сектор | 00:00:58 | 1.24 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:58 | 1.24 | % |
| Без субјекти | 00:01:58 | 2.52 | % |
| | Вкупно за тема: 01:18:02 | 100 | % |
| Активности на ДИК и други органи | | | |
| ДИК и други органи | 00:09:02 | 100 | % |
| | Вкупно за тема: 00:09:02 | 100 | % |
| Други теми поврзани со избори | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Судство | 00:00:19 | 0.21 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:19 | 0.21 | % |
| Други субјекти | 00:39:14 | 25.72 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:45:21 | 29.73 | % |
| Без субјекти | 00:09:39 | 6.33 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:19:59 | 13.10 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:10:50 | 7.10 | % |
| ДИК и други органи | 00:05:10 | 3.39 | % |
| Влада на РМ | 00:13:01 | 8.53 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:01:22 | 0.90 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:53 | 2.55 | % |
| Сојуз на Ромите од Македонија | 00:01:16 | 0.83 | % |
| Граѓански сектор | 00:02:09 | 1.41 | % |
| | Вкупно: 02:32:32 | 100 | % |
| **Активности на учесници во изборна кампања и кандидати** | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 02:06:06 | 59.64 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:13:21 | 34.69 | % |
| Беса | 00:03:01 | 1.43 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:03:59 | 1.88 | % |
| Левица | 00:01:12 | 0.57 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:50 | 1.34 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:57 | 0.45 | % |
| | Вкупно за тема: 03:31:26 | 100 | % |
| **Коментари/ставови** | | | |
| | 00:04:51 | 100 | % |
| | Вкупно за тема: 00:04:51 | 100 | % |

**Вкупно: 07:35:53**

Прилозите во двете изданија на дневно - информативните емисии во кои се известуваше за активностите од кампањите на учесниците во изборниот процес опфаќаат 3 часа 31 минута и 26 секунди, за малку половина од вкупните прилози во вестите (Табела 1). Во поголем дел известувањето за кампањите на политичките партии и коалиции се реализираше преку информативни жанрови. Од ова време најмногу е одвоено за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ – 2 часа 6 минути и 6 секунди (59.64%) што е повеќе од половина од вкупното време за сите други учесници во изборната кампања за кои известува. Споредбено со Коалицијата на СДСМ која има речиси еднаков број кандидати за градоначалници и советници и кампања со сличен интензитет, а за која се одвоени 1 час 13 минути и 21 секунда, за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, се одвоени 52 минути и 42 секунди повеќе. Треба да се напомене дека во ова време, освен извештаите од митинзите и средбите на кандидатите за градоначалници и советници, влегуваат и партиските реакции од ВМРО ДПМНЕ за актуелните теми, меѓутоа, медиумот и во овој извештаен период ја задржа практиката во исто издание на вестите трансмисиски да пренесува и по неколку вакви активности на овој учесник во изборниот процес. Ова резултираше со забележливо повеќе време за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ отколку кај другите телевизии на државно ниво кои имаат сличен начин на реализација на вестите.

Мора да се потенцира дека медиумот направи напор паралелно да известува за дневните активности на учесниците во изборната кампања, најчесто од двете коалиции предводени од ВМРО ДПМНЕ и од СДСМ, при што извештаите, како и директните обраќања за против – кандидатите беа со приближно

еднакво времетраење (на пример, „Трајановски: Здравјето на граѓаните главна точка во новиот мандат", „Шилегов: Скопје заслужува да биде европски град" – споено во еден новинарски прилог; или „Трка во Скопје – ветувања за подобра инфраструктура и повеќе зеленило" со директни обраќања на кандидатите за градоначалник на Скопје – Коце Трајановски (Коалиција предводена од ВМРО ДПМНЕ) и Петре Шилегов (Коалиција предводена од СДСМ), кандидатите за градоначалник на Ѓорче Петров – Владо Мисајловски (Коалиција предводена од ВМРО ДПМНЕ) и Александар Наумовски (Коалиција предводена од СДСМ) и кандидатите за градоначалник на Карпош – Стевче Јакимовски (ГРОМ) и Стефан Богоев (Коалиција предводена од СДСМ). Медиумот со помал интензитет известуваше и за активностите на ГРОМ, БЕСА, ДУИ, Левица и ДПА.

Другите теми поврзани со избори, исто така, главно обработени преку информативни жанрови, сочинуваат 2 часа 32 минути и 32 секунди. Во ова време се вбројуваат и разговорите со експерти и аналитичари (45 минути и 21 секунда) во кои тие ги анализираат серијата инциденти со изборните штабови и нападот врз независниот кандидат за градоначалник во Кичево, изборната реторика и изборните кампањи и програми на партиите и коалициите што учествуваат на локалните избори. Како аналитичари/експерти на овие теми, медиумот ги консултира: Александар Даштевски (професор), Ристо Никовски (поранешен дипломат), Александар Новаковски (поранешен претседател на ДИК), Александар Пандов (поранешен пратеник и политички аналитичар), Милан Стефановски (аналитичар), Јасна Бачовска-Недиќ (професор), Игор Јанев (професор), Александар Станковски (колумнист), Новица Велјановски (историчар), Милан Журовски (професор) и др.

Во категоријата „активности на органите на власт", временски најзастапена е Владата на Република Македонија со 33 минути и 42 секунди. Овде се вклучени прилозите за надворешно - политичките активности во мониторираниот период - преговорите со Грција и најавите за дипломатската средба на министрите за надворешни работи на Македонија, Грција и Бугарија во Солун и најавената ревизија на учебниците по историја. Од активностите на претставниците на власта на домашна сцена со извештаи се проследени посетата на министерот за земјоделие, шумарство и водостопанство, Љупчо Николовски на Кочани и на Ресен, за посетата на министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски на полициската станица Гази Баба, активностите на вицепремиерот Кочо Анѓушев во економската сфера, изјава на министерот за здравство Арбен Таравари за новите случаи на смрт на новороденчиња на Клиниката за гинекологија и др. Во оваа категорија се нотираат и извештаите и соопштенијата од МВР за инцидентите во изборните штабови.

Во овој извештаен период медиумот аналитички се осврна на серијата предизборни инциденти, оттаму и времето од 4 минути и 51 секунда за коментари и осврти. Во прилогот под наслов: „Серија инциденти – Дали се подготвува крваво изборно сценарио" пренесен е ставот на аналитичарот Милан Стефановски и на универзитетската професорка Јасна Бачовска-Недиќ. Анализа на темата за дипломатските односи на Македонија со Грција и со Бугарија и ревизијата на учебниците, направи поранешниот дипломат, Ристо Никовски во прилогот „Историјата на лицитација – и Бугарија и Грција ревидираат учебници со „амин" од Владата".

*Табела 2: Структура на директни обраќања*

| ТВ АЛФА | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 01:15:14 | 41.22 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:43:53 | 24.05 | % |
| Други субјекти | 00:13:23 | 7.33 | % |
| Влада на РМ | 00:09:12 | 5.04 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:31 | 0.28 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:23:00 | 12.60 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:03:11 | 1.74 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:41 | 0.37 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:33 | 0.30 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:02:54 | 1.59 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:59 | 1.63 | % |
| ДИК и други органи | 00:03:15 | 1.78 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:25 | 0.78 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:24 | 0.22 | % |
| Беса | 00:00:38 | 0.35 | % |
| Левица | 00:00:42 | 0.38 | % |
| Сојуз на Ромите од Македонија | 00:00:35 | 0.32 | % |
| | **Вкупно: 03:02:30** | 100 | % |

Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ доби и најмногу време за директни обраќања во двете изданија на вестите - 1 час 15 минути и 14 секунди или 41.22% од вкупното време за директни обраќања.

*Посебни информативни емисии*

*Дебати*

Во овој десетдневен период медиумот емитуваше две дебатни емисии – две изданија на дебатната емисија „60 минути со Горан Момироски“ и едно издание на дебатната емисија „Ѕид“.

Во емисијата „60 минути со Горан Момироски“ што беше емитувана на 27 септември 2017 година, на тема – Улогата на помалите заедници во Македонија како фактор на стабилност, гости во емисијата беа Самка Ибраимовски, министер без ресор во Владата на РМ, Аднан Ќахил, министер за странски инвестиции во Владата на РМ и Иван Стоиљковиќ, претседател на ДПС.

Другото издание на емисијата „60 минути со Горан Момироски“ беше емитувано на 4 октомври. Гости во емисијата беа историчарот Михајло Михајловски и Петар Тодоров од Институтот за национална историја. Дебатата беше на тема: „Односите со Бугарија и Грција низ призмата на комисиите“.

На 28 септември беше емитувано новото издание на дебатната емисија „Ѕид“. Гости во емисијата беа Александар Даштевски и Љупчо Палевски. Тема на емисијата беше кампањата за локалните избори и на што се должи зголеменото насилство. Емисијата беше репризно емитувана на 30 септември.

*Други информативни програми*

Од другите информативни емисии, во овој десетдневен период на ТВ Алфа беа емитувани две изданија од емисијата „Несомнено“, едно издание на политичкиот магазин „Седмица“ и едно издание на емисијата „Без ракавици“.

Во првото издание на емисијата „Несомнено“ што се емитуваше на 26 септември, авторката на емисијата Катерина Гетева опфати две теми – „Фалсификувани пари и методи на заштита на банките“ и „Што носи новиот Закон за амнестија?“. Како соговорници на овие теми во емисијата беа вклучени Саша Јовановски (началник на единицата за финансиски криминал), Нина Фити Неделковска (директорка во Комерцијална банка), Сања Каневче (директорка во НБРМ) и Миле Бошњаковски (портпарол во Владата на РМ).

Второто издание на „Несомнено" емитувано на 3 октомври, ја опфати темата „Инциденти во изборната кампања". Соговорници во емисијата беа универзитетскиот професор Стефан Бунаковски и поранешниот портпарол на МВР, Иво Котевски.

Во политичкиот магазин „Седмица" емитуван на 29 септември, авторот Коле Чашуле, одново се осврна на средбата на премиерот Зоран Заев со Доналд Трамп, локалните избори и досегашниот тек на кампањата, работата на Владата и „собраниските математики" со претпоставка за нови парламентарни избори.

На 2 октомври беше емитувано првото издание на емисијата „Без ракавици" на која автор и водител е Дарко Јаневски. Гостин во емисијата беше Виолета Ачковска, а тема на емисијата беше договорот со Бугарија и договорот со Грција кој е во најава со фокус на формирањето комисија на историчари за ревизија на учебниците.

Во забавно - информативната емисија „Алфа Скоп" што се емитува секој работен ден и во овој десетдневен период, медиумот емитуваше по неколку информативни блокови со селектирани прилози од изданијата на Вестите од претходниот ден или со прилози со актуелни настани кои потоа се дел од Вестите во тековниот ден. Во овој прв период од изборната кампања најголем дел од селектираните прилози беа од претставувањето на учесниците во локалните избори од двете коалиции со најголем број кандидати за градоначалници и советници – Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата предводена од СДСМ.

Од 27 септември, во рамки на емисијата „Алфа Скоп" стартуваше нов информативен блок за претставување на кандидатите за градоначалници во неколку општини, од како што е најавено, од партиите ВМРО ДПМНЕ и СДСМ, односно од нивните коалиции. Овој дел од емисијата е најавен како серија дебати со кандидатите за градоначалници, но се реализирани како интервјуа со неколку кандидати за градоначалници од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, бидејќи како што информираа водителите, иако биле поканети, кандидатите од СДСМ не се појавиле на дебатите. Во овој блок од емисијата, на 27 септември беше емитувано интервју со Митко Тилески, кандидат за градоначалник на Охрид од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ; на 28 септември со Митко Јанчев, кандидат за градоначалник на Кавадарци од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ; на 29 септември – интервју со Тони Трајковски, кандидат за градоначалник на Гази Баба од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ; на 2 октомври - интервју со Борче Митевски, кандидат за градоначалник на Петровец од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ; на 4 октомври – интервју со Илчо Захариев, актуелниот градоначалник на Штип и кандидат за нов мандат од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ. На теми поврзани со локалните избори, во рамките на „Алфа Скоп" во овој десетдневен период беа емитувани и интервјуа со Татјана Каракамишева, Владимир Божиновски, Александар Даштевски и со Оливер Андонов. Сите изданија на забавно-иформативната емисија „Алфа Скоп" репризно се емитуваат наредниот ден.

## 7. Опис на прекршувањето:

Спротивно на одредбите од член 75 став 1 од Изборниот законик, програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, во периодот од 25 септември до 4 октомври 2017 година (во првите 10 дена од изборната кампања), не обезбеди избалансирано покривање на изборите во својата вкупна програма. Во двете изданија на дневно-информативните емисии беше фокусиран на активностите на двете големи коалиции предводени од ВМРО ДПМНЕ и од СДСМ при што, споредено со телевизиите на државно ниво кои имаат сличен начин на реализација на вестите, одвои забележливо повеќе време за Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ.

**8. Предлог-мерка:**

Директорот на Агенцијата, согласно член 76-в став 3 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) против програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, да покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд во рок од 48 часа по утврдувањето на прекршувањето на одредбите од Изборниот законик.

***Сектор за програмски работи***

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 10.10.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4419 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1);

3. **Период опфатен со надзорот**: од 25 септември до 4 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 10 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно

членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

- **Член 76-а ставови 2, 3 и 11 од Изборниот законик**

(2) За време на изборната кампања, Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди рамноправен пристап во информативната програма при што 30% од времето емитува за дневните настани од земјата и светот, 30% од времето за активностите на политичките партии на власт, 30% од времето за активностите на политичките партии во опозиција и 10% од времето за активностите на политичките партии кои не се претставени во Собранието на Република Македонија.

(3) Времето за информирање за активностите на кампањата на политичките партии ќе биде распределено согласно со принципите на избалансирано известување.

(11) Од денот на распишување на изборите до изборниот молк Јавниот радиодифузен сервис е должен да организира дебатни емисии, односно соочувања на најголемите политички партии од власта и опозицијата, како и на останатите учесници во изборниот процес.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз Првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - (МРТ1), емитуван од 25 септември до 4 октомври 2017 година, на македонски јазик, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 и на член 76-а ставови 2, 3 и 11 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на МРТ1, а од дневно-информативните емисии анализирани се вестите во 17 и во 19 часот и 30 минути, согласно определбата на Јавниот сервис од Правилата за медиумско покривање на Локалните избори 2017. Поради спортски натпревари, изданијата на Дневникот 1 во 17 часот од 30 септември и од 1 октомври беа поместени порано, а почетокот на Дневникот 2 во 19:30 часот од 28 септември беше поместен подоцна.

*Дневно-информативни емисии*

Во вестите, вкупниот обем анализирани прилози изнесува 10 часа 9 минути и 52 секунди, кои жанровски најчесто беа извештаи, како и вести, соопштенија, изјави.

Статистиката покажува дека во првите десет дена од изборната кампања, МРТ1 во основа се придржуваше до законските обврски за структурата на дневно-информативните емисии и за распределбата на информативното време за учесниците во изборната кампања според принципот 30%+30%+30%+10%. Имено, за активностите од кампањите на политичките партии на власт одвои 30,17%, за активностите од кампањите на политичките партии во опозиција - 29,70%, за дневните настани од земјата и светот - 38,02%, а за активностите од кампањите на политичките партии кои не се во Собранието - 2,11%. Како што може да се види, времето во прилозите за митинзите, средбите, трибините, изјавите на претставниците на парламентарните партии од власта и од опозицијата е практично еднакво. Времето за прилозите за вонпарламентарните партии и за независните кандидати е покусо од предвиденото (се следи пред сè партијата Левица) зашто независните кандидати имаа послаб интензитет на кампањата – МРТ1 го бележи претставувањето на Јорго Огненовски, независен кандидат за градоначалник на Битола. Од друга страна, за

дневните настани од земјата и светот беше одвоено повеќе време, така што има и информации за повеќе значајни случувања за кои МРТ1 како јавен сервис, извести (на пример, новите случаи на морбили, пожар во куќата на градоначалничкиот кандидат Владо Мисајловски, оружениот инцидент во кој беше пукано врз независниот кандидат за градоначалник на Кичево Алит Абази, инцидентот во кој беше повреден градоначалничкиот кандидат Елвис Бајрам, референдумот во Каталонија, обвинувањата на грчкиот претседател Панајотис Павлопулос на сметка на Македонија и сл.). Сервисот известуваше и за редовните активности на власта, а при информирањето за оние редовни активности кои се маргинални (на пример, поставување камен-темелник на фабрика), не се известуваше за учеството на министрите. Во времето за настаните од земјата влегуваат и реакциите, критиките и обвинувањата на опозициската ВМРО ДПМНЕ за активностите и политиките на власта.

Што се однесува до распоредот на времето за учесниците во изборната кампања во поединечните делови од вестите, како што може да се види од Табела 1, најмногу време има за двете коалиции (онаа на СДСМ и онаа на ВМРО ДПМНЕ) кои имаат и најмногу потврдени листи со кандидати за градоначалници и за советници, а бројот на листите, во комбинација со интензитетот на нивните кампањи, е следен и при распоредот на времето за другите субјекти.

*Табела 1 – Структура на темите по субјекти*

| МРТ 1 | | | |
|---|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент | |
| **Активности за кампањите на политичките партии на власт** | | | |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:54:22 | 62,17 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:49:11 | 26,73 | % |
| Коалиција Алијанса за Албанците | 00:11:44 | 6,38 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:08:41 | 4,72 | % |
| Вкупно за тема: | 03:03:58 | 100 | % |
| **Активности за кампањите на политичките партии во опозиција** | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 01:58:09 | 65,23 | % |
| Беса | 00:36:39 | 20,23 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:19:33 | 10,79 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:06:47 | 3,74 | % |
| Вкупно за тема: | 03:01:08 | 100 | % |
| **Дневни настани од земјата и светот** | | | |
| Судство | 00:09:40 | 4,17 | % |
| Други субјекти | 00:41:25 | 17,86 | % |
| Специјално обвинителство | 00:05:05 | 2,19 | % |
| Влада на РМ | 00:39:45 | 17,14 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:06:40 | 2,87 | % |
| Граѓански сектор | 00:21:02 | 9,07 | % |
| Вести од светот | 01:01:24 | 26,48 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:13:44 | 5,92 | % |
| Без субјекти | 00:02:58 | 1,28 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:20:22 | 8,78 | % |
| Собрание на РМ | 00:01:06 | 0,47 | % |
| Јавно обвинителство | 00:04:48 | 2,07 | % |
| АРМ | 00:01:14 | 0,53 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:37 | 0,70 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Експерти/аналитичари | 00:01:04 | 0,46 | % |
| | Вкупно за тема: 03:51:54 | 100 | % |
| **Активности за кампањите на политичките партии кои не се во Собранието** | | | |
| Левица | 00:11:34 | 89,90 | % |
| Независни кандидати | 00:01:18 | 10,10 | % |
| | Вкупно за тема: 00:12:52 | 100 | % |
| | **Вкупно: 10:09:52** | | |

Од квалитативен аспект, третманот на коалициите, партиите и независните кандидати – беше еднаков што се одразува и во распределбата на времето за директните обраќања (Табела 2).

*Табела 2 – Структура на директните обраќања*

| МРТ 1 | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| Влада на РМ | 00:18:17 | 6,77 | % |
| Други субјекти | 00:16:21 | 6,05 | % |
| Граѓански сектор | 00:09:18 | 3,44 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:06:58 | 2,58 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:00:47 | 22,49 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:29:56 | 11,08 | % |
| Коалиција Алијанса за Албанците | 00:08:08 | 3,01 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:58:46 | 21,75 | % |
| Беса | 00:19:08 | 7,08 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:15:18 | 5,66 | % |
| Специјално обвинителство | 00:02:06 | 0,78 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:02:00 | 0,74 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:06:38 | 2,45 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:47 | 1,77 | % |
| Левица | 00:08:56 | 3,31 | % |
| Независни кандидати | 00:00:52 | 0,32 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:38 | 0,23 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:22 | 0,14 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:00:30 | 0,19 | % |
| Судство | 00:00:28 | 0,17 | % |
| | **Вкупно: 04:30:14** | **100** | **%** |

*Посебни информативни емисии*

*Дебати*

Во овој десетдневен период од 25 септември до 5 октомври, Првиот сервис на МРТ организираше дебатни емисии со тема „*Локални избори 2017*" во кои учесници беа кандидатите за градоначалници за

различни општини во Република Македонија. Предвидено е оваа серија на дебатни емисии да има 17 изданија.

- На 25 септември во 20 часот и 20 минути се емитуваше дебата со кандидатите за градоначалници на општина Кавадарци. Во неа учествуваа кандидатот за градоначалник од Коалицијата предводена од СДСМ, Бетиане Китев и независниот кандидат Борис Давидов, кои дебатираа на теми од областа на инфраструктурата, екологијата, образованието, економијата како и специфичната област за оваа општина, лозарството. Водителот забележа дека уредно биле поканети и останатите двајца кандидати за градоначалници Верица Арсова од ТМОРО и Митко Јанчев од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, но тие испратиле објаснување дека не можат да присуствуваат на дебатата поради објективни причини. Реприза беше емитувана на 26 септември во 15 часот и 50 минути.
- На 26 септември, во втората дебатна емисија посветена на локалните избори 2017 беа поканети кандидатите за градоначалници на општина Велес. Поканата ја прифатиле Славчо Чадиев од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ и Аце Коцевски од Коалицијата предводена од СДСМ. Бил поканет и третиот кандидат Гоце Чушков од партијата Народно движење за Македонија, но до почетокот на емисијата од него не добиле потврда за учество во дебатата. Реприза на ова издание беше емитувано на 27 септември во 16 часот.
- Третата дебатна емисија од овој серијал се емитуваше на 27 септември во 17 часот и 50 минути. Во ова издание своите програми и планови за општина Куманово ги презентираа кандидатите за градоначалници Зоран Ѓоргиевски од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, Максим Димитриевски од Коалицијата предводена од СДСМ и Дритон Сулејмани од Беса. Поканети биле и кандидатите за градоначалници од ДПА и Алијанса на Албанците, но тие не се појавиле во студиото на МРТ. Реприза на оваа емисија беше прикажана на 28 септември во 15 часот и 50 минути.
- На 28 септември во 22 часот се емитуваше претставувањето на кандидатите за градоначалници на општина Струга. Присутни во студиото беа Васил Ашталковски од Коалицијата предводена од СДСМ и Насто Палиоски од Народно движење за Македонија. Биле поканети и останатите кандидати за градоначалници на општина Струга, Зијадин Села од Алијанса за Албанците, Лабдрим Елмаз од Беса, Рамиз Мерко од ДУИ, Сејат Солакоски од ВМРО ДПМНЕ, но тие не се одѕвале на поканата од медиумот. Реприза на ова издание беше емитувано на 29 септември во 15 часот и 30 минути.
- На 29 септември во 20 часот и 20 минути се емитуваше дебата во која своите изборни програми и планови за општина Охрид ги соочија кандидатот на Коалицијата предводена од СДСМ, Јован Стојановски и независниот кандидат Стевче Стевоски. Кандидатот на Коалицијата предвоена од ВМРО ДПМНЕ Митко Тилевски бил поканет, но не дошол на дебатата. Реприза на ова издание се емитуваше на 2 октомври по полноќ.
- На 1 октомври во 20 часот и 25 минути во студиото на МРТ1 гостуваа кандидатите за градоначалници на општина Штип, Илчо Захариев, актуелен градоначалник и кандидат предложен од Коалицијата за подобра Македонија и Благој Бочварски, кандидат на Коалицијата за живот во Македонија. Реприза беше емитувана на 2 октомври во 13 часот и 30 минути.
- На 2 октомври во дебатната емисија требаше своите програми да ги претставт двајцата кандидати за градоначалници на општина Прилеп. Поканата за дебата ја прифатил Илија Јовановски, кандидатот на Коалицијата предводена од СДСМ, додека актуелниот градоначалник и кандидат од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ Марјан Ристески, иако начелно го потврдил присуството, во последен момент откажал. Емисијата премиерно се емитуваше во 16 часот и 28 минути кога

траеше околу 5 минути, по што беше прекината поради бесплатно политичко претставување и се емитуваше повторно во 20 часот и 21 минута, овојпат во целост. Репризата беше емитувана наредниот ден околу 15 часот и 20 минути.

- На 3 октомври во 20 часот и 20 минути, предвидена беше дебатна емисија на која ќе се соочат сите кандидати за градоначалници на општина Тетово. Меѓутоа поканата за дебата не ја прифатиле кандидатите Теута Арифи од ДУИ, Биљал Даути од ДПА, Биљал Касами од БЕСА и Аднан Незири од Алијанса на Албанците и во студиото присутен беше само кандидатот на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ Горан Манојловски. Реприза на ова издание се емитуваше на 4 октомври во 15 часот и 20 минути.
- На 4 октомври во 20 часот и 20 минути се емитуваше дебата со кандидатите за градоначалници на општина Битола. Во студиото присутни беа независните кандидати Јорго Огненовски и Ќирчо Ташков, како и Наташа Петровска, кандидатката од Коалицијата предводена од СДСМ. Празно столче имаше за кандидатот за градоначалник од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, кој го известил медиумот дека не е во можност да присуствува на дебатата.

7. **Опис на прекршувањето: /**

8. **Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 10. 10. 2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4420 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2) Програма на албански јазик;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 25 септември до 4 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 10 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно

членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

- **Член 76-а ставови 2, 3 и 11 од Изборниот законик**

(2) За време на изборната кампања, Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди рамноправен пристап во информативната програма при што 30% од времето емитува за дневните настани од земјата и светот, 30% од времето за активностите на политичките партии на власт, 30% од времето за активностите на политичките партии во опозиција и 10% од времето за активностите на политичките партии кои не се претставени во Собранието на Република Македонија.

(3) Времето за информирање за активностите на кампањата на политичките партии ќе биде распределено согласно со принципите на избалансирано известување.

(11) Од денот на распишување на изборите до изборниот молк Јавниот радиодифузен сервис е должен да организира дебатни емисии, односно соочувања на најголемите политички партии од власта и опозицијата, како и на останатите учесници во изборниот процес.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз Вториот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје (МРТ2), емитуван од 25 септември до 4 октомври 2017 година, на повеќе јазици, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 и на член 76-а ставови 2, 3 и 11 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на МРТ2, а од дневно-информативните емисии анализирани се Дневниците на албански јазик во 18:30 часот и во 22 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Во вестите, вкупниот обем анализирани прилози изнесува 10 часа и 22 секунди, жанровски реализирани како извештаи, вести соопштенија, изјави и преземено интервју на министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски за Радио Слободна Европа.

Статистиката покажува дека во првите десет дена од изборната кампања, Програмата на албански јазик на МРТ2 се придржува до законските обврски за структурата на дневно-информативните емисии и за распределбата на информативното време за учесниците во изборната кампања според принципот 30%+30%+30%+10%. Активностите од кампањите на политичките партии на власт сочинуваат 31,43% од вестите, активностите од кампањите на политичките партии во опозиција - 31,06%, дневните настани од земјата и светот - 32,73%, а активностите од кампањите на политичките партии кои не се во Собранието - 4,78%. Во последнава категорија имаше извештаи за Левица, а времето за независните кандидати се должи пред сè на збирни информации за тоа каде се има кандидати поддржани од групи избирачи. Времето за настаните од земјата и светот е сочинето од прилози за други дневно-политички настани од Македонија вклучувајќи ги и редовните активности на власта, работата на судството, партиските реакции и ставови за актуелните настани или владините политики.

*Табела 1 – Структура на темите по субјекти*

| МРТ 2 - Албански јазик | | |
|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент |
| **Активности за кампањите на политичките партии на власт** | | |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 01:23:54 | 44,46 % |
| Коалиција Алијанса за Албанците | 00:16:38 | 8,81 % |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:04:05 | 33,96 % |
| Алијанса на Албанците | 00:24:05 | 12,76 % |
| Вкупно за тема: | 03:08:42 | 100 % |
| **Активности за кампањите на политичките партии во опозиција** | | |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:52:20 | 28,07 % |
| Беса | 01:10:02 | 37,56 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 01:01:20 | 32,89 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:02:46 | 1,48 % |
| Вкупно за тема: | 03:06:28 | 100 % |
| **Дневни настани од земјата и светот** | | |
| ДИК и други органи | 00:06:50 | 3,48 % |
| Влада на РМ | 00:47:27 | 24,15 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:13:59 | 7,12 % |
| Експерти/аналитичари | 00:01:06 | 0,56 % |
| Други субјекти | 00:27:01 | 13,75 % |
| Граѓански сектор | 00:10:07 | 5,15 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:09:28 | 4,82 % |
| Вести од светот | 00:37:03 | 18,85 % |
| Судство | 00:19:51 | 10,10 % |
| Без субјекти | 00:05:45 | 2,93 % |
| Специјално обвинителство | 00:05:20 | 2,71 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:04:38 | 2,36 % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:01:14 | 0,63 % |
| Собрание на РМ | 00:01:09 | 0,59 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:01:10 | 0,59 % |
| Јавно обвинителство | 00:01:59 | 1,01 % |
| Алијанса на Албанците | 00:00:48 | 0,41 % |
| Беса | 00:00:48 | 0,41 % |
| СДСМ | 00:00:48 | 0,41 % |
| Вкупно за тема: | 03:16:31 | 100 % |
| **Активности за кампањите на политичките партии кои не се во Собранието** | | |
| Левица | 00:22:41 | 79,08 % |
| Независни кандидати | 00:06:00 | 20,92 % |
| Вкупно за тема: | 00:28:41 | 100 % |

**Вкупно: 10:00:22**

Поделбата на времето по субјектите (Табела 1) е соодветна на заложбата на Програмата на МРТ2 на албански јазик да го распределува времето инверзно во однос на МРТ1, односно предност им дава на партиите на Албанците од Македонија, имајќи ја предвид својата целна публика.

Квалитативно, различните политички субјекти во прилозите беа третирани еднакво, а и распоредот на времето за директни обраќања (Табела 2) покажува дека се водело сметка и за овој аспект од информирањето. И овде се следи принципот на инверзна застапеност на политичките субјекти.

*Табела 2 – Структура на директните обраќања*

| МРТ 2 - Албански јазик | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Влада на РМ | 00:10:23 | 4,24 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:46 | 1,95 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:00:24 | 0,16 | % |
| Други субјекти | 00:09:49 | 4,01 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:49:23 | 20,17 | % |
| Беса | 00:35:54 | 14,67 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:28:13 | 11,53 | % |
| Коалиција Алијанса за Албанците | 00:08:20 | 3,40 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:32:18 | 13,20 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:28:53 | 11,80 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:02:28 | 1,01 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:12:36 | 5,15 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:36 | 0,65 | % |
| Левица | 00:10:44 | 4,38 | % |
| Собрание на РМ | 00:01:10 | 0,48 | % |
| Граѓански сектор | 00:03:04 | 1,25 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:02:00 | 0,82 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:26 | 0,59 | % |
| Судство | 00:01:20 | 0,54 | % |
| | **Вкупно: 04:04:47** | **100** | **%** |

*Посебни информативни емисии*

*Дебати*

Во првите десет дена од започнување на изборната кампања за локалните избори, во периодот од 25 септември до 4 октомври Вториот програмски сервис на Македонската радиотелевизија – МРТ 2 Програмата на албански јазик, емитуваше 4 премиерни изданија на дебатни емисии. Освен редовните изданија на *„Аргумент"*, во овој десетдневен период од кампањата, медиумот организираше дебати со кандидатите на партиите кои учествуваат на овие локални избори.

- На 26 септември во редовниот термин во 20 часот и 30 минути во дебатната емисија *Аргумент* на тема *„Локални избори: Колку се реални ветувањата на политичките партии?"* гостуваа универзитетските професори Јусуф Зејнели, Фати Исеини и Аргетим Салиу. Репризи на ова издание се емитувани на 27 септември и на 29 септември;
- На 29 септември се емитуваше дебата на тема *„Локални избори 2017"* во која гостуваа кандидатите за градоначалници на општина Липково. Во студиото дебатираа Бардип Дестани – ДПА, Шабан Зендели –

Беса, Беким Афузи – Алијанса на Албанците и Еркан Арифи од ДУИ. Покана била доставена и до кандидатот на СДСМ, но тој одбил да присуствува на дебатата. Реприза на ова издание се емитуваше на 30 септември.

- На 2 октомври во дебатната емисија на тема *„Локални избори 2017"* гостуваа кандидатите за градоначалници за општина Дебар, Џемаил Чупи – Беса, Шкелќи Џафа - Коалиција Алијанса за Албанците, Арбен Аголи – Алијанса на Албанците и Ружди Лапа – ДУИ. Повикан бил и кандидатот на ДПА, но поради семејни причини не присуствуваше на дебатата. Реприза беше емитувана следниот ден во 12 часот и 15 минути.
- На 3 октомври се емитуваше емисијата *Аргумент*, во која учествуваа претставници од политичките партии од албанскиот блок. На тема *„Локални избори: Што ветуваат политичките партии и што очекуваат граѓаните? Каков резултат очекуваат партиите? Како ќе ги реализираат проектите? И за колку време ќе ги спроведат тие проекти?* Дебатираа: Валдет Џафери – ДУИ, Емад Мемеди – Беса, Абдулкадер Исаку – Коалиција Алијанса за Албанците, Елмир Сејфулахи – Алијанса на Албанците и Газменд Алији – ДПА. Реприза се емитуваше на 4 октомври.
- На 4 октомври повторно се емитуваше дебатна емисија *„Локални избори 2017"* во која гостуваа кандидатите за градоначалници за општина Студеничани. Во студиото присуствуваа Феми Јонузи – ДУИ, Реџеп Мемеди – Беса и Азем Садику од ДПА. Како што забележува водителот на емисијата, поканет бил и кандидатот од Алијанса на Албанците, но тој одбил да учествува.

**7. Опис на прекршувањето: /**

**8. Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 10. 10. 2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4421 | 1 | |

### ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
### ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонско радио - Прв програмски сервис (МР1);

3. **Период опфатен со надзорот**: од 25 септември до 4 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 10 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно

членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

- **Член 76-а ставови 2, 3 и 11 од Изборниот законик**

(2) За време на изборната кампања, Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди рамноправен пристап во информативната програма при што 30% од времето емитува за дневните настани од земјата и светот, 30% од времето за активностите на политичките партии на власт, 30% од времето за активностите на политичките партии во опозиција и 10% од времето за активностите на политичките партии кои не се претставени во Собранието на Република Македонија.

(3) Времето за информирање за активностите на кампањата на политичките партии ќе биде распределено согласно со принципите на избалансирано известување.

(11) Од денот на распишување на изборите до изборниот молк Јавниот радиодифузен сервис е должен да организира дебатни емисии, односно соочувања на најголемите политички партии од власта и опозицијата, како и на останатите учесници во изборниот процес.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз Првиот радио програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонско радио (МР1), емитуван од 25 септември до 4 октомври 2017 година, на македонски јазик, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 и на член 76-а ставови 2, 3 и 11 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на МР1, а од дневно -информативните емисии анализирани се вестите Пладневен радиовесник во 15:30 часот и Радио 22.

*Дневно-информативни емисии*

Вкупното време од 8 часа 49 минути и 50 секунди, евидентирано во десетдневниот период од 25 септември до 4 октомври 2017 година, се однесува на новинарски вести, вести во низа, извештаи и соопштенија.

Изборниот законик во член 76-а утврдува конкретни правила за распоредот на времето во дневно - информативните програми на Јавниот радиодифузен сервис за време на изборната кампања според кои структурата на вестите треба да биде – 30%+30%+30%+10%. Статистичките показатели, за првите десет дена од изборната кампања за локалните избори, покажуваат извесно отстапување од пропишаниот образец. Имено, за делот од вестите посветен на „дневните настани од земјата и светот“ се одвоени 47.55% од вкупното време, што пак одзема дел од времето што Изборниот законик го пропишува за активности на учесниците во изборната кампања. Помалку време од предвиденото е одвоено и за вонпарламентарните политички партии и независни кандидати – вкупно 4 минути и 10 секунди или процентуално 0,7%, наместо 10% колку што предвидува Законикот.

Наместо по 30%, прилозите за „активностите за кампањите на политичките партии на власт“ зафаќаат 26.34%, а за „активностите за кампањите на политичките партии во опозицијата“ – 25.32%. Сепак, времето за прилозите во кои новинарски се третираат активностите на претставниците на парламентарните партии од власта и од опозицијата е приближно еднакво. Исто така, водено е сметка и за дистрибуцијата на времето меѓу учесниците во изборниот процес, внатре во сегментите од вестите посветени на власта и на

опозицијата. Најмногу време во овие сегменти е одвоено за активностите на двете коалиции предводени од ВМРО ДПМНЕ и од СДСМ, што е и очекувано имајќи предвид дека имаат и најголем број кандидати за градоначалници и советници. Времето одвоено за прилозите посветени на активностите на вонпарламентарните партии и независните кандидати може да се должи и на интензитетот на нивните кампањи. Во двете изданија на вестите проследени се активностите на кандидатите од Левица, а од независните кандидати само на кандидатот за градоначалник на Битола, Јорго Огненовски.

Времето за „дневните настани од земјата и од светот" е посветено на повеќе актуелни случувања за кои Јавниот сервис треба да одвои време (одлуки на Државната изборна комисија врзани со претстојните локални избори, судските рочишта за предметите на СЈО, конференцијата за европска интеграција на Македонија, пожарот во куќата на кандидатот за градоначалник на Ѓорче Петров, Владо Мисајловски, оружениот инцидент во кој беше нападнат независниот кандидат за градоначалник на Кичево, Алит Абази, инцидентот во кој беше повреден градоначалничкиот кандидат Елвис Бајрам, одржувањето на фестивалот на филмска камера „Браќа Манаки" и др.). Во овој дел од дневно -информативните емисии влегуваат и изјавите и реакциите од опозициската ВМРО ДПМНЕ за активностите на власта.

*Табела 1 – Структура на темите по субјекти*

| Македонско радио 1 | | | |
|---|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент | |
| Активности за кампањите на политичките партии на власт | | | |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:52:55 | 80.90 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:18:56 | 13.56 | % |
| Коалиција Алијанса за Албанците | 00:04:06 | 2.94 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:03:38 | 2.60 | % |
| Вкупно за тема: | 02:19:35 | 100 | % |
| Активности за кампањите на политичките партии во опозиција | | | |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:08:38 | 6.44 | % |
| Беса | 00:12:02 | 8.97 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 01:47:06 | 79.84 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:06:23 | 4.76 | % |
| Вкупно за тема: | 02:14:09 | 100 | % |
| Дневни настани од земјата и светот | | | |
| Други субјекти | 01:04:12 | 25.48 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:19:36 | 7.78 | % |
| Граѓански сектор | 00:16:15 | 6.45 | % |
| Влада на РМ | 00:56:52 | 22.57 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:23:57 | 9.51 | % |
| ДИК и други органи | 00:18:26 | 7.32 | % |
| Вести од светот | 00:20:54 | 8.30 | % |
| Специјално обвинителство | 00:05:45 | 2.28 | % |
| Судство | 00:09:43 | 3.86 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:02:13 | 0.88 | % |
| Собрание на РМ | 00:01:42 | 0.67 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:01:13 | 0.48 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:00:52 | 0.34 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:52 | 0.34 | % |
| Јавно обвинителство | 00:05:09 | 2.04 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| АРМ | 00:00:41 | 0.27 | % |
| Без субјекти | 00:03:09 | 1.25 | % |
| Сојуз на Ромите од Македонија | 00:00:25 | 0.17 | % |
| | Вкупно за тема: 04:11:56 | 100 | % |
| Активности за кампањите на политичките партии кои не се во Собранието | | | |
| Левица | 00:03:36 | 86.40 | % |
| Независни кандидати | 00:00:34 | 13.60 | % |
| | Вкупно за тема: 00:04:10 | 100 | % |
| | **Вкупно: 08:49:50** | | |

Времето одвоено за директни обраќања во вестите ја следи логиката на застапеноста на субјектите во вестите од Табела 1.

*Табела 2 – Структура на директни обраќања*

| Македонско радио 1 | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:08:12 | 3.35 | % |
| Влада на РМ | 00:17:10 | 7.00 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:56 | 1.20 | % |
| Граѓански сектор | 00:06:19 | 2.58 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:20:05 | 32.67 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 01:20:14 | 32.73 | % |
| Други субјекти | 00:16:31 | 6.74 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:12:00 | 4.90 | % |
| Беса | 00:07:06 | 2.90 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:03:00 | 1.22 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:11 | 0.48 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:01:50 | 0.75 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:03:38 | 1.48 | % |
| Левица | 00:01:03 | 0.43 | % |
| Независни кандидати | 00:00:24 | 0.16 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:56 | 0.38 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:00:56 | 0.38 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:09 | 0.06 | % |
| Коалиција Алијанса за Албанците | 00:00:56 | 0.38 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:30 | 0.20 | % |
| | **Вкупно: 04:05:06** | 100 | % |

*Посебни информативни емисии*

Од посебните информативни емисии поврзани со темата локални избори емитувани на МР1 во овој десетдневен период е изданието на информативната емисија „Актуелно" емитувана на 28 септември во која тема на денот е потпишувањето на декларација за слободни и фер избори од страна на подмладоците на 25 политички партии.

Во рамките на информативната емисија „Актуелно" што се емитува секој ден, вклучен е блок за бесплатно политичко претставување на политичките партии и коалиции, учесници на локалните избори.

**7. Опис на прекршувањето: /**

**8. Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 10.10.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4422 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонско радио - Трет програмски сервис (МР3-Програма на албански јазик);

3. **Период опфатен со надзорот**: од 25 септември до 4 октомври 2017 година

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 10 октомври 2017 година

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

     (1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

     (2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

   - **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

     (1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

     в) За локалните избори:
     - за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;

- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

- **Член 76-а ставови 2, 3 и 11 од Изборниот законик**

(2) За време на изборната кампања, Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди рамноправен пристап во информативната програма при што 30% од времето емитува за дневните настани од земјата и светот, 30% од времето за активностите на политичките партии на власт, 30% од времето за активностите на политичките партии во опозиција и 10% од времето за активностите на политичките партии кои не се претставени во Собранието на Република Македонија.

(3) Времето за информирање за активностите на кампањата на политичките партии ќе биде распределено согласно со принципите на избалансирано известување.

(11) Од денот на распишување на изборите до изборниот молк Јавниот радиодифузен сервис е должен да организира дебатни емисии, односно соочувања на најголемите политички партии од власта и опозицијата, како и на останатите учесници во изборниот процес.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз Програмата на албански јазик на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио - Трет програмски сервис, емитуван од 25 септември до 4 октомври 2017 година, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 и на член 76-а ставови 2, 3 и 11 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на МР3, а од дневно -информативните емисии анализирани се вестите Дневник од 16 часот и Дневник 2 од 21 часот. Анализирани се само вестите емитувани на албански јазик.

*<u>Дневно-информативни емисии</u>*

Во десетдневниот период од 25 септември до 4 октомври 2017 година, вкупниот обем на анализирани прилози во двете изданија на дневно-информативните емисии изнесува 6 часа 24 минути и 25 секунди. Во презентирањето на информациите доминантно се застапени информативните жанрови, вест, вест во низа и извештај.

Изборниот законик во член 76-а утврдува конкретни правила за распоредот на времето во дневно - информативните програми на Јавниот радиодифузен сервис за време на изборната кампања според кои структурата на вестите треба да биде – 30%+30%+30%+10%. Статистичките показатели, за првите десет дена од изборната кампања за локалните избори, покажуваат отстапување од пропишаниот образец. Имено, за делот од вестите посветен на „дневните настани од земјата и светот" се одвоени 61% од вкупното време, што пак одзема дел од времето што Изборниот законик го пропишува за активности на учесниците во

изборната кампања. Наместо по 30%, прилозите за „активностите за кампањите на политичките партии на власт" зафаќаат 21.76% (1 час 23 минути 38 секунди), а за „активностите за кампањите на политичките партии во опозицијата" – 16.94% (1 час 5 минути 7 секунди). Сепак, времето за прилозите во кои новинарски се третираат активностите на претставниците на парламентарните партии од власта и од опозицијата е приближно еднакво.

Исто така, водено е сметка и за дистрибуцијата на времето меѓу учесниците во изборниот процес, внатре во сегментите од вестите посветени на власта и на опозицијата - како за барањата од Изборниот законик според кои распределбата на времето за информирање за активностите во кампањата на политичките партии треба да биде распределено во согласност со принципот на еднаквост за кандидатите за градоначалници и на пропорционалност според бројот на потврдени листи за членови на советите на општините и на Град Скопје, така и за интерните правила на Јавниот радиодифузен сервис според кои дистрибуцијата на времето меѓу учесниците во изборниот процес во вестите на овој сервис, ќе биде инверзна на дистрибуцијата на времето во вестите на Првиот радио-програмски сервис на МРТ, имајќи предвид дека сервисот е наменет за задоволување на информативните потреби на етничките заедници што живеат во Р.М.

Помалку време од предвиденото е одвоено и за вонпарламентарните политички партии и независни кандидати – вкупно 1 минута и 23 секунди или процентуално 0,36%, наместо 10% колку што предвидува Законикот. Малата процентуална застапеност на политичките партии кои не се претставени во Собранието и на независните кандидати можеби се должи и на малиот интензитет на нивни предизборни активности, но и на големиот временски простор за „дневните настани од земјата и светот".

Фокусот во овој десетдневен период е на активностите поврзани со локалните избори пренесени преку вести и извештаи од ДИК и од НВО Мост, генералните најави за изборните митинзи на партиите и коалициите, потоа судските рочишта за случајот „Диво Насеље", апсењето на Едмонд Темелко, посетата на поранешниот премиер на Турција, Ахмет Давутоглу, одликувањето на претседателот на Собранието на РМ, Талат Џафери од поглаварот на ИВЗ, семинарот за албанологија на тетовскиот универзитет и сл.

*Табела 1 – Структура на темите по субјекти*

| МРА - албански јазик | | | |
|---|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент | |
| Активности за кампањите на политичките партии на власт | | | |
| Коалиција Алијанса за Албанците | 00:09:54 | 11.84 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:29:43 | 35.53 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:29:26 | 35.19 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:14:35 | 17.44 | % |
| | Вкупно за тема: 01:23:38 | 100 | % |
| Активности за кампањите на политичките партии во опозиција | | | |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:20:19 | 31.20 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:25:33 | 39.24 | % |
| Беса | 00:19:15 | 29.56 | % |
| | Вкупно за тема: 01:05:07 | 100 | % |
| Дневни настани од земјата и светот | | | |
| ДИК и други органи | 00:05:42 | 2.43 | % |
| Влада на РМ | 00:32:02 | 13.67 | % |
| Други субјекти | 00:50:10 | 21.41 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:23:25 | 10.00 | % |
| Без субјекти | 00:10:29 | 4.47 | % |
| Вести од светот | 00:59:38 | 25.45 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:01 | 0.43 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:32 | 0.23 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:01:01 | 0.43 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:01:01 | 0.43 | % |
| Коалиција Алијанса за Албанците | 00:00:21 | 0.15 | % |
| Граѓански сектор | 00:08:41 | 3.71 | % |
| Судство | 00:11:31 | 4.92 | % |
| Специјално обвинителство | 00:03:34 | 1.52 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:08:43 | 3.72 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:00:11 | 0.08 | % |
| Беса | 00:00:09 | 0.06 | % |
| Собрание на РМ | 00:01:01 | 0.43 | % |
| Јавно обвинителство | 00:06:47 | 2.90 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:00:12 | 0.09 | % |
| Независни кандидати | 00:00:21 | 0.15 | % |
| АРМ | 00:00:32 | 0.23 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:07:13 | 3.08 | % |
| | Вкупно за тема: 03:54:17 | 100 | % |
| Активности за кампањите на политичките партии кои не се во Собранието | | | |
| Левица | 00:01:23 | 100.00 | % |
| | Вкупно за тема: 00:01:23 | 100 | % |

**Вкупно: 06:24:25**

За директни обраќања се одвоени околу еден час од вестите. Од учесниците во изборниот процес најмногу време за директни обраќања има ДУИ (23.17%), БЕСА и ДПА се приближно изедначени со 12.26%, односно 12.87%. Соодносот меѓу Коалицијата предводена од СДСМ и Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ е 8.83% наспроти 5.36% (Табела 2).

*Табела 2 – Структура на директни обраќања*

| МРА - албански јазик | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Влада на РМ | 00:01:37 | 2.06 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:18:09 | 23.17 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:06:55 | 8.83 | % |
| Беса | 00:09:36 | 12.26 | % |
| Коалиција Алијанса за Албанците | 00:02:26 | 3.11 | % |
| Други субјекти | 00:11:34 | 14.77 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:04:12 | 5.36 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:05:50 | 7.45 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:10:05 | 12.87 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:00:36 | 0.77 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:46 | 2.26 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:18 | 1.66 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:04:16 | 5.45 | % |
| | **Вкупно: 01:18:20** | **100** | **%** |

*Посебни информативни емисии*

Во емисијата за успешни жени „Нејзините штикли" на 2 октомври МРА 3 емитуваше интервју со пратеничката од СДСМ, Ѓулимсере Касапи. Емисијата репризно се емитуваше истиот ден во вечерниот термин од 23 часот.

7. **Опис на прекршувањето: /**

8. **Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 10.10.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4423 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 25 септември до 4 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 10 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје, емитуван од 25 септември до 4 октомври 2017 година, на албански и на македонски јазик, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на радиодифузерот, а од дневно-информативните емисии анализирани се вестите од 19 и од 22 часот.

*Дневно-информативни емисии*

За анализа беа земени изданијата на ТВ дневникот од 19 (на албански јазик) и од 22 часот (на македонски јазик), во периодот од 25 септември до 4 октомври 2017 година. Вкупното време на анализираниот дневноинформативен материјал изнесува – 6 часа и 33 минути. Информативната редакција ги оддели во посебна рубрика новинарските извештаи за активностите на учесниците во Локалните избори, и се определи пред сѐ да известува, а ретките коментари претежно да ги усмерува кон експертски становишта / очекувања од изборниот процес, односно кон проценки за општествено-политичкото влијание на изборниот исход. Увидот во статистиката за медиумската застапеност на активните учесници во изборната кампања, покажува уредувачка тенденција кон рамномерен, претставувачки пристап, изведен со квантитативно и со жанровско ограничување на новинарските прилози: 1 ипол / 2 минути, класичен новинарски извештај, илустриран со автентични аудиовизуелни цитати – „директни обраќања", во времетраење од триесетина секунди. За ваквата констатација, сепак, предвид мора да се имаат и – бројот на пријавените листи на градоначалнички и советнички кандидати, веродостојната слика за организациските капацитети и за темпото на изборните активности, но и примарниот аудиториум на медиумот (всушност, форматот произлезен од целината на ТВ програмата, поврзан пред сѐ со т.н. – „јазични преференци" на потенцијалната публика). Мошне битен аспект е и очигледниот редакциски обид – активностите околу „Локалните избори 2017 г." да ги презентира преку тематски соодветни дебати, и преку актуелно-информативни емисии со документаристички пристап кон реално постојни состојби и ситуации од доменот на локалната самоправа.

Оттаму, статистиката за информативниот квантум, аналитички прикажан категоризиран по различни основи – по застапеност на субјектите или по организација на темите опфатени во ТВ дневниците, треба да се чита – колку формално, низ призмата на верификуваните листи со кандидати, толку и според различните (новинарски) начини на редакциското внимание што ѝ се посветува на темата најактуелна во тековниов календарски период. Според листите, како прв критериум, предничат соперничките коалиции – на СДСМ и на ВМРО ДПМНЕ, во сооднос со бројноста на кандидатурите на албанските политички партии – ДУИ, ДПА, Беса, Алијансата на Албанците, односно оние на партијата - Народно движење за Македонија – НДМ. Но, вториот критериум, чија комплексна медиумска/комуникациска структура е опишана погоре во извештајов, би требало да се чита и споредбено со податоците за уредувачкиот пристап што кон Локалните избори го примениле и другите национални телевизии. Имајќи ги предвид тие споредбени податоци, пак, според кои – НДМ е мошне малку, или – воопшто не е застапена ни во ТВ дневниците на другите национални телевизии, ќе се добие појасна визура за причините – зошто ТВ Алсат-М, во првите десет дена од кампањата, воопшто не извести за какви било активности на НДМ, и, дополнително, во прилог на – „објективноста", останува отворено и прашањето – дали НДМ во споменатиот календарски период воопшто организирала релевантни изборни активности?

*Табела 1 – Структура на темите по субјекти*

| ТВ Алсат-М | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Активности на органите на власт | | | |
| Судство | 01:08:16 | 28,24 | % |
| Влада на РМ | 01:10:14 | 29,05 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:05:14 | 2,16 | % |
| Други субјекти | 00:14:06 | 5,83 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:17:03 | 7,05 | % |
| Специјално обвинителство | 00:17:50 | 7,38 | % |
| Граѓански сектор | 00:06:15 | 2,59 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:15:09 | 6,27 | % |
| Јавно обвинителство | 00:09:09 | 3,79 | % |
| Собрание на РМ | 00:05:19 | 2,20 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:08:42 | 3,60 | % |
| Без субјекти | 00:02:47 | 1,15 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:20 | 0,14 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:00:20 | 0,14 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:00:20 | 0,14 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:00:20 | 0,14 | % |
| Беса | 00:00:20 | 0,14 | % |
| | Вкупно за тема - 04:01:44 | 100 | % |
| Активности на ДИК и други органи | | | |
| ДИК и други органи | 00:02:10 | 100,00 | % |
| | Вкупно за тема: 00:02:10 | 100 | % |
| Други теми поврзани со избори | | | |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:39 | 5,92 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:13:02 | 29,12 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:22 | 3,05 | % |
| Други субјекти | 00:06:18 | 14,08 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:05:23 | 12,03 | % |
| Влада на РМ | 00:05:27 | 12,18 | % |
| Независни кандидати | 00:01:48 | 4,02 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:01:54 | 4,25 | % |
| ДИК и други органи | 00:03:28 | 7,75 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:00:51 | 1,90 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:51 | 1,90 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:00:51 | 1,90 | % |
| Беса | 00:00:51 | 1,90 | % |
| | Вкупно за тема: 00:44:45 | 100 | % |
| Активности на учесниците во изборната кампања и кандидати | | | |
| Беса | 00:16:09 | 15,48 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:17:36 | 16,87 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:21:23 | 20,49 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:19:01 | 18,22 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:19:19 | 18,51 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:10:53 | 10,43 | % |
| | Вкупно за тема - 01:44:21 | 100 | % |

**Вкупно - 06:33:00**

Пошироко погледнато, односно – вон рамките на минутажата отстапена исклучиво за облици на изборната кампања, информативната редакција на ТВ Алсат – М, во двата ТВ дневника доминантно го насочи своето внимание кон работата на Владата и на низа инстанци на судската власт, односно на личности, институции, организации и политички партии (ин)директно засегнати било од политиките на извршната власт било од повеќегодишни судски процеси. Споредбено, во оваа смисла треба да се читаат многу поситните минутажи отстапени за множеството субјекти споменати во тематската целина насловена – „Активности на органите на власта“.

Погорепосочената уредувачка одредба за ограничување (во смисла – „стандардизирање“) на времето и на жанрот со кои им се пристапуваше на изборните активности (средби со граѓани / митинзи), резултира и со рамномерен распоред на т.н. „директни обраќања“ – аудиовизуелни цитати за предизборни поенти на учесниците во изборната кампања.

*Табела 2 – Директни обраќања на субјектите*

| ТВ Алсат-М | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Влада на РМ | 00:14:33 | 12,98 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:20 | 1,19 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:13:35 | 12,12 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:02 | 1,81 | % |
| Други субјекти | 00:04:55 | 4,39 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:11:45 | 10,48 | % |
| Беса | 00:08:33 | 7,63 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:07:09 | 6,38 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:06:53 | 6,14 | % |
| Специјално обвинителство | 00:03:17 | 2,93 | % |
| Судство | 00:01:45 | 1,56 | % |
| Граѓански сектор | 00:04:46 | 4,25 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:11:53 | 10,60 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:08:31 | 7,60 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:09:10 | 8,18 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:35 | 0,52 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:22 | 1,22 | % |
| | **Вкупно - 01:52:04** | **100** | **%** |

*Посебни информативни емисии*

*Дебати*

На 28 септември, во емисијата „Патот кон...", реализирана е дебата меѓу кандидатите за градоначалник на Дебар: Ружди Лата, од ДУИ, Џемаил Чупи, од Беса, Арбен Аголи, од Алијансата на Албанците. На 3 октомври, дебатното издание на емисијата „200" ги соочи кандидатите за градоначалник на Општина Чаир: Висар Ганиу, од ДУИ, Фарук Авдиу, од Алијансата на Албанците, и Зеќирија Ибраими, од Беса. Обидот, пак, во изданието на истата емисија од 26 септември, да се организира дебата помеѓу кандидатите за градоначалник на Кичево – пропадна, поради отсуството на Влатко Сајкоски, кандидатот на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, па изданието е реализирано како интервју со Фатмир Дехари, кандидатот на ДУИ.

*Актуелно-информативни програми*

Во трите премиерни изданија на „360 Степени", актуелно-информативната емисија со документаристички пристап, емитувани во периодот од 25 септември, почетокот на изборната кампања, до 4 октомври 2017 година, гостуваа низа личности чие мислење е важно за актуелните состојби во повеќе сфери од животот во Република Македонија, но обработените теми немаа директна поврзаност со изборниот процес што е во аналитичкиот фокус според методологијата на Агенцијата. Новинарскиот интерес во овие изданија беше свртен кон реформите во македонскиот судски и безбедносен систем, можната ревизија на тековни, а долгогодишни судски процеси/случаи, потоа неопходните урбанистички и еколошки зафати во Скопје, како и европските извештаи и стандарди за македонските политички процеси. Сличен е пристапот и во изданието на „Економски магазин" од 4 октомври, што ги посочи правно-економските согледувања на експертите Слаѓана Тасева, Горан Левков и Марјан Николов, во врска со потребата од измени во Законот за избор на пратениците, па оттаму и потенцијалната промена во етичкиот кодекс на избраните народни претставници.

7. **Опис на прекршувањето: /**

8. **Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 10.10.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4424 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 25 септември до 4 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 10 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, емитуван од 25 септември до 4 октомври 2017 година, на македонски јазик, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на радиодифузерот, а од дневно-информативните емисии анализирани се вестите од 15 и од 18 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Анализата на начинот по кој ТВ Канал 5 известуваше за партиските и за коалициските изборни активности, но и за тековните, актуелни општествено-политички настани и состојби, фокусот го насочи кон изданијата на ТВ дневниците од 15 и од 18 часот, имајќи ја предвид постојната поставеност на програмската шема, во периодот од 25 септември до 4 октомври 2017 година. Обработеното, збирно време од посочените дневно-информативни изданија, изнесува – 7 часа 15 минути и 49 секунди. Покрај дневниот новинарски ангажман околу изборните понуди на најагилните партиски или коалициски кандидати за градоначалници, што најчесто ги користеше комуникациските капацитети на веста и на извештајот како основни информативни жанрови, информативната редакција на ТВ Канал 5 ги користеше и облиците на кусо интервју (за истакнување предизборни поенти), но, се обиде и преку „камерниот“ формат на актуелно-информативната емисија насловена „Само вистина“, сложената содржина на Локалните избори да ја прикаже преку непосредни, полемички соочувања на кандидатите за градоначалници, или, пак, преку сопоставување различни стојалишта на политиколошки експертизи. Но, иако беше замислена со ваков приод, одредени изданија на емисијата минаа како - интервјуа, бидејќи и покрај навремените покани, како што експлицитно беше наведено од водителите на емисијата – во одредени случаи кандидатите на опозициската Коалиција предводена од ВМРО ДПМНЕ своеволно ја одбиваа јавната дебата.

Конкретно, поради обидот за што е можно пообјективен медиумски пристап, класичните облици на новинарски извештај за активностите на кандидатите за градоначалници, беа стандардизирани на времетраење од, приближно - 1 ипол / 2 минути, со триесеттина секунди отстапени за т.н. „директно обраќање“. Во повеќе наврати, ТВ Канал 5 направи и редакциска анализа за можниот изборен исход во одредени општини, заснована врз споредба на изборни резултати од претходните локални избори, а објави и свои пошироки осврти на истата тема, илустрирани со извештаи за изборни инциденти, или, пак, со улични анкети што, како осмислени новинарски прилози, треба да претставуваат одглас од „расположението на потенцијалните гласачи“.

Имајќи предвид дека коалицијата предводена од владејачката СДСМ и коалицијата предводена од опозициската ВМРО ДПМНЕ имаат од Државната изборна комисија верификувано најголем број кандидатски листи, безмалку за целата територија на државата, а дека од таа гледна точка ДУИ и Беса, на пример, се ограничиле за изборна кампања низ општини со мнозинско албанско население -, би требало, барем за досегашните десет дена од официјалната изборна кампања, да се смета за оправдан пристапот на информативната редакција на ТВ Канал 5 – „рамномерноста при известувањето за изборниот процес“ да ја воспостави прво врз основа на тој формален принцип. Но, од приложената статистика за новинарските известувања директно произлезени од активностите на учесниците во изборната кампања (*промовирање проекти / средби со граѓани / митинзи*), недвојбено јасно е дека досега, во првиот, официјален дел од кампањата, новинарскиот фокус е речиси исклучиво свртен кон соперничките коалиции на владејачката СДСМ и на опозициската ВМРО ДПМНЕ. Имено, од вкупното време во оваа ставка – 1 час 47 минути и 09 секунди, дури – 1 час и 26 минути се рамномерно поделени само помеѓу овие две спротивставени коалиции. Информативната редакција, во првите десет дена од кампањата, воопшто не ги следеше активностите на ДПА, на Алијансата на Албанците и на Народното движење за Македонија, иако, според сознанијата добиени од анализата на ТВ дневниците на другите национални телевизии, споменатите партии, во поголем или во

помал обем, секоја според своите организациски капацитети, пројавиле изборни активности. Пошироко погледнато, пак, од аспект на - „информативните намери" на медиумот, просудбата за рамномерноста на досегашното известување за активностите на учесниците во изборниот процес, секако предвид треба да земе дека, на пример, во издание од дебатната емисија „Само вистина", како дополнителен медиумски облик за изборно претставување, учествува и Арбен Таравари, еден од градоначалничките кандидати од Алијансата на Албанците. Но, сепак, до крајот на законските дваесет дена од изборната кампања, отворени ќе стојат, од една страна - прашањата за информативниот однос / намерите на ТВ Канал 5 пред сè кон постојната изборна агенда на ДПА, а од друга страна, односот / намерите кон кандидатите на НДМ, земајќи ги предвид, секако, досегашните активности на оваа партија.

*Табела 1 – Структура на темите по субјекти*

| ТВ Канал 5 | | |
|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** |
| **Активности на органите на власт** | | |
| Влада на РМ | 01:49:34 | 48,27 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:26:04 | 11,48 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:20:01 | 8,82 % |
| Специјално обвинителство | 00:15:55 | 7,01 % |
| Други субјекти | 00:21:29 | 9,46 % |
| Граѓански сектор | 00:04:47 | 2,11 % |
| Судство | 00:10:56 | 4,82 % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:59 | 0,43 % |
| Без субјекти | 00:03:38 | 1,60 % |
| Јавно обвинителство | 00:07:59 | 3,52 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:03:22 | 1,48 % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:15 | 0,99 % |
| | Вкупно за тема - 03:46:59 | 100 % |
| **Други теми поврзани со избори** | | |
| Други субјекти | 00:16:23 | 20,63 % |
| Јавно обвинителство | 00:03:58 | 4,99 % |
| Граѓански сектор | 00:05:00 | 6,30 % |
| Влада на РМ | 00:07:15 | 9,13 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:04:57 | 6,23 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:08 | 2,69 % |
| ДИК и други органи | 00:02:08 | 2,69 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:09:20 | 10,56 % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:06:25 | 8,08 % |
| Експерти/аналитичари | 00:07:34 | 9,53 % |
| Без субјекти | 00:10:08 | 12,76 % |
| Независни кандидати | 00:01:30 | 1,89 % |
| Беса | 00:01:37 | 2,04 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:01:02 | 1,30 % |
| | Вкупно за тема - 01:19:25 | 100 % |
| **Активности на учесници во изборна кампања и кандидати** | | |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:43:24 | 40,50 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:42:48 | 39,94 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:09:48 | 9,15 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:05:25 | 5,06 | % |
| Беса | 00:04:15 | 3,97 | % |
| Левица | 00:01:29 | 1,38 | % |
| | Вкупно за тема - 01:47:09 | 100 | % |
| Коментари/ставови | | | |
| | 00:22:16 | 100,00 | % |
| | Вкупно за тема - 00:22:16 | 100 | % |
| | **Вкупно - 07:15:49** | | |

И покрај актуелноста на темите поврзани со изборниот процес, ТВ Канал 5 повеќе од половина од вкупното информативно време, собрано од двата анализирани ТВ дневника, го посвети на извештаи за редовни активности на министерствата, бележени под групната ставка – „Влада", подведени во тематската област насловена – „Активности на органите на власта", која, пак, контекстуално ги опфати и реакциите на опозициската ВМРО ДПМНЕ по одредени владини ставови и политики, потоа - експертските анализи за можниот исход од изборниот процес, активностите на граѓанскиот сектор, очекувањата, упатствата и советите на различни претставници од „меѓународната заедница", но и реформаторските зафати во повеќе инстанци од судскиот систем / власт, како и извештаи од тековни судски процеси, често поврзани и со работата на Специјалното јавно обвинителство.

Од овој уредувачки терк произлегуваат и паралелите помеѓу споменатите учесници во изборниот процес, повлечени преку статистиката за т.н. – „директни обраќања" – аудиовизуелните цитати од автентично прикажаните изборни поенти, презентирани преку облиците на соочување со потенцијалното гласачко тело.

*Табела 2 – Директни обраќања на субјектите*

| ТВ Канал 5 | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Влада на РМ | 00:44:08 | 24,53 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:37:19 | 20,74 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:33:46 | 18,39 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:09:10 | 5,09 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:09:42 | 5,39 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:08:52 | 4,93 | % |
| Специјално обвинителство | 00:03:07 | 1,73 | % |
| Други субјекти | 00:13:08 | 7,30 | % |
| Граѓански сектор | 00:03:33 | 1,97 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:04:02 | 2,24 | % |
| Јавно обвинителство | 00:02:04 | 1,15 | % |
| Беса | 00:02:54 | 1,61 | % |
| Левица | 00:01:08 | 0,63 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:05:07 | 2,84 | % |
| Независни кандидати | 00:00:28 | 0,26 | % |
| Судство | 00:01:28 | 0,82 | % |
| | **Вкупно - 02:59:56** | **100** | **%** |

*Посебни информативни емисии*

*Дебати*

Првата дебата за Локалните избори 2017 година, реализирана на 25 септември во емисијата насловена „Само вистина", ги соочи експертските анализи на Петар Арсовски и на Александар Пандов. Дебатите, пак, во рамките на истата емисија, планирани меѓу кандидати за градоначалници, требаше да започнат од 26 септември, но, на повеќето од нив, своеволно, иако поканети, не учествуваа кандидатите на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ. Затоа, дебати беа реализирани само за Општина Аеродром, меѓу - Златко Марин, кандидатот на Коалицијата предводена од СДСМ, и Ивица Коневски, кандидатот на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, и за Општина Гостивар, помеѓу - Арбен Таравари, од Алијансата на Албанците, и Асаф Адеми од Беса, двајца од седумте кандидати за оваа општина. Принудно, од веќе наведените причини, како интервјуа беа реализирани изданијата на „Само вистина": за Велес, со Аце Коцевски, кандидатот од Коалицијата предводена од СДСМ (*отсутен Славчо Чадиев, кандидатот на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ*); за Скопје, со Петре Шилегов (Коалиција на СДСМ), во отсуство на Коце Трајановски (Коалиција на ВМРО ДПМНЕ); за Општина Карпош - Стефан Богоев (Коалиција на СДСМ), поради отсуство на Јакимовски од ГРОМ; и за Општина Центар - Саша Богдановиќ (Коалиција на СДСМ), во отсуство на Јовановски, (Коалиција на ВМРО ДПМНЕ).

*Други програми*

Премиерно, отвореното студио на утринската емисија „Здраво Македонијо", во периодот од 25 септември до 4 октомври 2017 година, само еднаш, на 26 септември, конкретно за тема ги имаше „Локалните избори 2017 година", а инаку, ги опфати следниве актуелни општествено-политички теми:

- Искуство на граѓаните со високите судски и нотарски трошоци;
- Државниот инспекторат за локална самоуправа со решение ги запира сите референдумски активности за мигрантите;
- Последиците од (не)задолжително вакцинирање;
- Последици од – „сајберхондрија": наместо на консултации со доктор, пациенти самостојно на Интернет си ги пребаруваат симптомите и сами си воспоставуваат дијагноза;
- Високи ли се цените на зеленчукот и на овошјето за правење зимница?
- Остануваат ли вратите на НАТО отворени за Македонија?
- Подготовка на – „регистар на населението";
- Најавени 138 странски инвестиции, реализирани - 51, а 44 се во тек;
- Македонско-грчка комисија за борба против иредентизмот;
- Проблеми со „малолетнички абортус";
- МПЦ одбележува 50 години афтокефалност;
- Светскиот ден на старите лица;
- Како ќе постапи Европа по референдумот во Каталонија?

7. **Опис на прекршувањето: /**

8. **Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 10.10.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4425 | 1 | |


### ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
### ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 25 септември до 4 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 10 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:

- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван од 25 септември до 4 октомври 2017 година, на македонски јазик, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на радиодифузерот, а од дневно-информативните емисии анализирани се Дневникот во 19:30 часот, Бизнис вестите и вториот Дневник, по 23 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Во вестите, вкупниот обем анализирани прилози достигна 7 часа и безмалку 4 минути, пред сè извештаи, изјави, вести, соопштенија, и осврти и анализи (околу 22 минути).

Како што покажува временскиот распоред на прилозите по теми во Табела 1 – кампањата беше следена интензивно зашто за неа е известувано во текот на 3 часа и 56 минути од вестите, односно во повеќе од половина од анализираните прилози.

*Табела 1 – Структура на темите по субјекти*

| ТВ Сител | | | |
|---|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент | |
| Активности на органите на власт | | | |
| Влада на РМ | 00:46:08 | 39,86 | % |
| Судство | 00:08:42 | 7,52 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:29 | 0,42 | % |
| Други субјекти | 00:12:12 | 10,54 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:23:28 | 20,28 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:03:09 | 2,72 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:13 | 4,51 | % |
| Независни кандидати | 00:00:34 | 0,49 | % |
| Граѓански сектор | 00:04:53 | 4,22 | % |
| Собрание на РМ | 00:01:09 | 0,99 | % |
| Јавно обвинителство | 00:07:00 | 6,05 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:00:52 | 0,75 | % |
| Сојуз на Ромите од Македонија | 00:01:55 | 1,66 | % |
| Вкупно за тема: | 01:55:44 | 100 | % |
| Активности на ДИК и други органи | | | |
| ДИК и други органи | 00:01:59 | 100,00 | % |
| Вкупно за тема: | 00:01:59 | 100 | % |
| Други теми поврзани со избори | | | |
| Судство | 00:02:26 | 5,03 | % |
| Јавно обвинителство | 00:02:26 | 5,03 | % |
| Други субјекти | 00:11:35 | 23,96 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:10:56 | 22,61 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Сојуз на Ромите од Македонија | 00:01:27 | 3,00 | % |
| Влада на РМ | 00:11:53 | 24,58 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:02:23 | 4,93 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:03:41 | 7,62 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:01:34 | 3,24 | % |
| Вкупно за тема: | 00:48:21 | 100 | % |
| **Активности на учесници во изборна кампања и кандидати** | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 01:55:54 | 49,11 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:42:31 | 43,44 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:05:51 | 2,48 | % |
| Коалиција Алијанса за Албанците | 00:01:10 | 0,49 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:24 | 0,17 | % |
| Беса | 00:02:40 | 1,13 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:01:39 | 0,70 | % |
| Левица | 00:00:35 | 0,25 | % |
| Независни кандидати | 00:05:16 | 2,23 | % |
| Вкупно за тема: | 03:56:00 | 100 | % |
| **Коментари/ставови** | | | |
| Вкупно за тема: | 00:21:49 | 100 | % |

**Вкупно: 07:03:53**

Фокусот беше практично целосно ставен на двете големи коалиции – на ВМРО ДПМНЕ и на СДСМ. Квалитативно беа третирани еднакво - во вестите во 19 часот имаше јавувања во живо од митинзите на двете коалиции, снимки од обраќањата од митинзите се емитуваа во подоцнежните вести, а нивна реприза имаше во вестите наредниот ден. Се емитуваа изјави од градоначалничките кандидати на кои се настојуваше да им се обезбеди еднакво време. Ваквото настојување, како и фокусот во известувањето, се пресликуваат и во директните обраќања (Табела 2), каде за ВМРО ДПМНЕ и СДСМ има речиси исто време.

Квантитативно, за Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ имаше прилози со времетраење од околу 1 час и 56 минути, а за Коалицијата на СДСМ – 1 час и 42 ипол минути. Оваа временска разлика се должи на изјавите и соопштенијата со кои ВМРО ДПМНЕ реагираше на потезите и политиките на Владата или на други актуелни случувања (на пример, на насилните инциденти). Има прилози (малубројни) и за другите учесници во изборите – ДУИ, ДПА, ГРОМ, Беса, Коалицијата Алијанса за Албанците, вонпарламентарната Левица и независната кандидатка Јадранка Бибан.

Со изборите беа поврзани и два аналитички прилози. На вториот ден од кампањата, во освртот „Слични плакати, слаби пораки - изморени се граѓаните или партиите слабо се вложија во стартот на кампањата?“ (3 минути и 54 секунди) се говореше за очекувањата и типот на кампањата (позитивна или негативна, локални или национални теми) при што беа консултирани експертски ставови. На 28 септември, беа анализирани пораките од позитивниот и негативниот дел од кампањите на политичките опоненти ВМРО ДПМНЕ и СДСМ во „Анализа: Какви се пораките од првите денови кампања, што ветуваат и за што обвинуваат партиите?“ (4 минути и 45 секунди).

*Табела 2 – Структура на директните обраќања*

| ТВ Сител | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 01:19:21 | 38,11 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:15:46 | 36,39 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:22 | 1,62 | % |
| Влада на РМ | 00:13:25 | 6,44 | % |
| Други субјекти | 00:12:55 | 6,20 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:06:40 | 3,20 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:25 | 2,60 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:38 | 1,26 | % |
| Граѓански сектор | 00:02:50 | 1,36 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:01:07 | 0,54 | % |
| Независни кандидати | 00:02:28 | 1,18 | % |
| Левица | 00:00:28 | 0,22 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:03 | 0,50 | % |
| Сојуз на Ромите од Македонија | 00:00:46 | 0,37 | % |
| | **Вкупно: 03:28:14** | **100** | **%** |

Што се однесува до другите теми, ТВ Сител во континуитет се задржуваше на прашањето за македонско-грчките односи. На 25 септември, во освртот „Ципрас и Трамп ќе разговараат и за Македонија" (2 минути и 24 секунди) прашањето за тоа до каде се преговорите за изнаоѓање решение околу спорот со Грција за името на Република Македонија беше актуелизирано преку написите на грчките медиуми според кои ова ќе биде тема на разговорите меѓу грчкиот премиер и претседателот на САД. Ова беше подлошка да се потсети на ставовите на премиерот Зоран Заев (од изјава дадена по враќањето од учеството на Генералното собрание на ОН во Њујорк) – дека не е подготвен да преговара за идентитетски прашања, и на претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски (од интервјуто дадено за Сител претходниот ден) дека во Њујорк сигурно разговарале за името и идентитетот. На крајот беше потсетено и на ставот на посредникот во преговорите за името Метју Нимиц дека разговорите може да забрзаат кон крајот на годинава. На оваа тема беше и извештајот „Дали грчката Влада води тајни преговори?" (1 минута и 58 секунди) за дебатата меѓу грчките политички чинители на оваа тема. Следниот ден во „МНР демантира дека со Коѕијас е договорена комисија за ревизија на македонските учебници" (4 минути и 7 секунди) беа пренесени ставови на МНР, на министерката за одбрана Радмила Шекеринска и на поранешниот министер за надворешни работи Никола Попоски по ова прашање. Беше известено и за обвинувањата на грчкиот претседател Прокопис Павлопулос дека Македонија фалсификува историја. Извештајот „Средба Димитров-Аселборн: Решен спор за името ќе и донесе на Македонија брза интеграција во ЕУ и НАТО" (2 минути и 15 секунди) беше пренесен и ставот на бугарскиот премиер Борисов дека решението на спорот е неопходно.

Се известуваше и за редовните активности на власта, особено оние чија реализација е поддржана од странски држави или меѓународни институции. Во Бизнис вестите - намалувањето на индустриското производство, падот на извозот и други аспекти на економските активности на власта - беа разгледувани од аспект на експертите, беа пренесувани ставовите на Владата и критиките од ВМРО ДПМНЕ.

Освен ова, информирано беше и за неколку редовни, но маргинални настани, при што известувањето беше врамнотежено со реакции/ставови на опозицијата. На пример во прилогот „Почнува инвестициски циклус од 20 милиони евра во водоводната и канализационата мрежа", министерот за транспорт и врски Горан Сугаревски најави инвестиции од над 20 милиони евра за нови проекти за водоводна

и канализациска мрежа кои треба да почнат со реализација за два до три месеци, а во меѓувреме да се спроведат соодветните постапки за јавни набавки и избор на изведувачи на активностите. По овој прилог беше емитувана реакција на оваа тема од ВМРО ДПМНЕ. Во извештајот „Турската компанија Чагатај Кабло постави камен темелник за изградба на нова фабрика" беше наведено дека договорот за изградба компанијата го склучила уште во 2016 година, но не ги добила субвенциите бидејќи не успеала да склучи договор за поддршка со претходната влада. Имаше и изјава од вицепремиерот Кочо Анѓушев дека за да добие државна помош од новиот пакет мерки компанијата треба да генерира позитивни економски резултати, а беше цитиран и Фејсбук статусот на Никола Груевски дека оваа инвестиција е договорена во време на владите на ВМРО ДПМНЕ. По „Владата донесе одлука за деблокада на исплатата на обештетувањето на земјоделците од пролетните мразеви" во кој беше пренесена изјава на Љупчо Николовски - министер за земјоделие, шумарство и водостопанство, веднаш беше пренесена и реакцијата од ВМРО ДПМНЕ.

*Други програми*

ТВ Сител, во утринската програма „Ја сакам Македонија" има редовна рубрика за контакт со гледачите насловена *„На дневен ред"*. Во изданието од 4 октомври 2017 година, гледачите го изнесуваа своето мислење на следниве теми: *„Дваесет и две години од атентатот на првиот македонски претседател - Глигоров замина без да дознае кои беа извршителите"* и *„ДИК повика на смиреност пред Локалните - Очекувате ли продолжување на предизборните инциденти?"*. Другите изданија на емисијата не третираа теми поврзани со изборите.

7. **Опис на прекршувањето: /**

8. **Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 10 - 10 - 2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4427 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 25 септември до 4 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 10 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван од 25 септември до 4 октомври 2017 година, на македонски јазик, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на радиодифузерот, а од дневно-информативните емисии анализирани се вестите во 15:30 и во 18:30 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Во вестите, вкупниот обем анализирани прилози достигна 7 часа 8 минути 20 секунди, најчесто извештаи, коментаторски извештаи, потоа изјави, вести, соопштенија и осврти и коментари (околу 28 минути).

*Табела 1 – Структура на темите по субјекти*

| ТВ Тема<br>Тема | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Активности на органите на власт | | |
| Влада на РМ | 01:06:50 | 31,53 % |
| Судство | 00:30:32 | 14,41 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:38:44 | 18,27 % |
| Други субјекти | 00:18:33 | 8,75 % |
| Специјално обвинителство | 00:13:30 | 6,37 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:06:58 | 3,29 % |
| Граѓански сектор | 00:05:18 | 2,50 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:12:37 | 5,95 % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:48 | 1,32 % |
| Јавно обвинителство | 00:14:08 | 6,67 % |
| Без субјекти | 00:00:43 | 0,34 % |
| Собрание на РМ | 00:01:16 | 0,60 % |
| Вкупно за тема: | 03:31:57 | 100 % |
| Активности на ДИК и други органи | | |
| ДИК и други органи | 00:08:25 | 100,00 % |
| Вкупно за тема: | 00:08:25 | 100 % |
| Други теми поврзани со избори | | |
| Влада на РМ | 00:12:33 | 10,58 % |
| Експерти/аналитичари | 00:11:19 | 9,54 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:13:34 | 11,44 % |
| Граѓански сектор | 00:11:33 | 9,74 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:10:42 | 9,02 % |
| Други субјекти | 00:32:26 | 27,34 % |
| Судство | 00:02:55 | 2,46 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Јавно обвинителство | 00:09:36 | 8,09 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:42 | 1,43 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:03:54 | 3,29 | % |
| Без субјекти | 00:03:36 | 3,03 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:34 | 1,32 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:01:35 | 1,33 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:02 | 0,87 | % |
| Сојуз на Ромите од Македонија | 00:00:37 | 0,52 | % |
| | Вкупно за тема: 01:58:38 | 100 | % |
| Активности на учесници во изборна кампања и кандидати | | | |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:06:40 | 10,90 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:15:44 | 25,73 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:27:57 | 45,71 | % |
| Беса | 00:03:54 | 6,38 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:03:13 | 5,26 | % |
| Левица | 00:00:57 | 1,55 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:02:44 | 4,47 | % |
| | Вкупно за тема: 01:01:09 | 100 | % |
| Коментари/ставови | | | |
| | Вкупно за тема: 00:28:11 | 100 | % |
| | **Вкупно: 07:08:20** | | |

Активностите од кампањите на учесниците во Локалните избори 2017 година, ТВ Телма ги третираше како едни од актуелните настани кои не заземаа централно место во дневно-информативните емисии, туку за нив се информираше пред крајот на вестите. Ова е видливо и на квантитативно ниво зашто, од околу 7 часа вкупно анализирани прилози, оние посветени за кампањите сочинуваат околу 1 час (Табела 1). Со мал интензитет беше информирано за активностите од кампањите на парламентарните партии т.е. на двете коалиции со најголем број листи на кандидати за градоначалници и за советници – едната предводена од СДСМ, а другата од ВМРО ДПМНЕ, потоа за ДУИ, Беса, ДПА и за Алијанса на Албанците, со исклучок на Коалицијата Алијанса за Албанците – за која немаше извештаи во овие 10 дена. Од вонпарламентарните партии имаше информација за Левица. Прилозите обично содржеа делови од обраќањата на лидерите на партиите и/или на кандидатите за градоначалници од митинзите и средбите со граѓаните, а во неколку наврати имаше и вести од одржани настани со главните акценти од ветувањата дадени од политичарите.

Временската застапеност на овие прилози е премногу мала и оттаму, методолошки е неосновано да се извлекуваат заклучоци за балансот во известувањето. Од квантитативен аспект, за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ има 12-тина минути повеќе информации што се должи на нивните почести реакции, преку изјави или соопштенија (на пример во врска со мерки на Владата, апсењето на Едмонд Темелко, судските случаи итн.). Треба да се нотира и дека - квалитативно погледнато - сите субјекти беа еднакво третирани, на што укажува и распоредот на директните обраќања (Табела 2).

*Табела 2 – Структура на директните обраќања*

| | ТВ Телма | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Влада на РМ | 00:27:44 | 20,42 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:16:09 | 11,89 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ДИК и други органи | 00:04:21 | 3,20 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:14:01 | 10,32 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:05:00 | 3,68 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:10:06 | 7,44 | % |
| Специјално обвинителство | 00:03:50 | 2,82 | % |
| Други субјекти | 00:16:01 | 11,80 | % |
| Граѓански сектор | 00:07:39 | 5,63 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:13:03 | 9,61 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:04:13 | 3,11 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:01:54 | 1,40 | % |
| Беса | 00:02:20 | 1,72 | % |
| Левица | 00:00:35 | 0,43 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:29 | 1,83 | % |
| Јавно обвинителство | 00:03:20 | 2,45 | % |
| Судство | 00:02:38 | 1,94 | % |
| Сојуз на Ромите од Македонија | 00:00:24 | 0,29 | % |
| | **Вкупно: 02:15:47** | **100** | **%** |

Од друга страна пак, овој медиум ја анализираше промената на реториката на кандидатите која сега ги вклучува еколошките проблеми, а што се смета дека е резултат на притисокот од граѓанските организации од Источна Македонија, односно на нивната битка против отворањето рудници во овој дел од земјата.

Повеќето од аналитичките прилози се однесуваа на изборите. Во освртот „Почнува изборната кампања“ (2 минути и 47 секунди) почетокот на кампањските активности беше одбележан со експертски ставови во врска со тоа дали да се очекува позитивна или негативна кампања. Со изборите беше поврзан и коментарот „Отворена понуда до Циц да влезе во Владата“ (2 минути и 28 секунди) за понудата која лидерот на СДСМ Зоран Заев ја упати до актуелниот градоначалник на Куманово Зоран Дамјановски – Циц од митингот кој се одржа во овој град. Ова беше анализирано од страна на политички аналитичар и беше потсетено на ваквите практики на оваа и на поранешните влади. Во осврт беше преразгледано и предизборното коалицирање на СДСМ и ДУИ (2 минути и 24 секунди), односно за официјализирањето на поддршката што си ја даваат на терен онаму каде што едниот од нив нема поднесено кандидатски листи. Беа пренесени и ставовите на БЕСА - дека оди на избори без договор со ниту една партија, и на ВМРО ДПМНЕ – која смета на гласовите на сите граѓани без разлика на етничката припадност. Допирна точка со изборите имаше и портретот на уапсениот иранско-турски мултимилијардер Реза Զараб кој добил македонски пасош со неговиот втор идентитет, Риза Сараф (3 минути и 23 секунди), од аспект на тоа кој сѐ се наоѓа на Избирачкиот список.

ТВ Телма, акцентот во вестите го стави на другите секојдневни настани и теми, особено на активностите на органите на судската и извршната власт (со оглед на фактот дека во овој период Законодавниот дом не заседаваше). На активностите и темите кои произлегуваат од нив беа посветени околу 3 ипол часа (односно половина од анализираните прилози). Притоа, голем дел од прилозите беа резултат од континуираното следење на работата на судството и обвинителствата од повеќе аспекти – преку известување за актуелните случаи во кои се инволвирани политичари, истрагите и пријавите за злоупотреби во судството, работата на Јавното и на Специјалното обвинителство, обуките за надминување на слабостите наведени и во вториот извештај на експертската група предводена од Рајнхард Прибе. Кон крајот на овој извештаен период беше информирано и за тоа кој сѐ е пријавен на конкурсот за нов државен јавен обвинител и каква е процедурата за изборот.

Од времето за извршната власт (околу 1 час) значаен дел се однесува на македонско-грчките односи. Имено, по пренесувањето на интервјуто што грчкиот министер за надворешни работи Никос Коѕијас го даде за грчката телевизија ЕРТ, а во кое, во контекст на решавањето на спорот со името со РМ, говореше и за тоа

дека со својот македонски колега Никола Димитров договориле и формирање комисија за ревидирање на учебниците, во низа има неколку прилози на оваа тема. За тоа дека ревизијата на учебниците би се одвивала на база на реципроцитет говореше министерката за одбрана Радмила Шекеринска, а пренесен беше и ставот на Никола Попоски, поранешниот министер за надворешни работи, сегашен пратеник на ВМРО ДПМНЕ. На ова прашање беше посветен извештајот од прес-конференцијата со отчетот за 100-те дена во власта на министерот Никола Димитров. Беа пренесени и ставот на Прокопиос Павлопулос, претседателот на Грција кој ја обвини Македонија дека фалсификува историја, а спорот со името беше посочен како пречка за развој на економските односи и од македонските и грчките стопански комори.

Кај известувањето за власта, во неколку наврати имаше информации за редовни настани на кои учествуваа министри, кои беа критички третирани. Така, во извештајот од ставањето камен-темелник на фабриката на „Чагатај Кабло" во слободна индустриска зона, од министерот Кочо Анѓушев беше пренесен ставот дека не гледа проблем што оди на вакви настани, откако беше соочен со фактот дека сето тоа се случува во време на изборна кампања. Во овој прилог беше пренесен и Фејсбук статусот на претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски за тоа дека станува збор за нивни проект. При појавувањето на министерот за земјоделство шумарство и водостопанство Љупчо Николовски, на традиционалниот јаболкобер во Преспа беше посочено дека производителите на јаболка и натаму се соочуваат со старите проблеми. На традиционалниот настан по повод зажнејувањето на оризот, наспроти изјавите на министерот Николовски беа прикажани оризопроизводители кои, во директен дуел со него, го изразуваа своето незадоволство од владините мерки. Од прилозите со аналитички жанрови, прилогот - „Колку плус пари ќе чини автопатот Кичево-Охрид" (3 минути и 20 секунди) е посветен и на преговорите меѓу Владата и кинеската компанија „Синохидро".

*Посебни информативни емисии*

ТВ Телма емитуваше и неколку посебни информативни емисии со учесници во изборниот процес и организатори на изборни кампањи, со аналитичари и експерти на актуелни теми, министри во Владата на РМ и директори на јавни претпријатија, новинари и други во емисиите со наслов: „Топ тема" и „Топ тема на Ваша страна" со посебни дебатни емисии организирани во различни општини низ Македонија наречени „Town Hall дебати". Во „Town Hall дебатите" учествуваа и се претставуваа кандидатите за градоначалници со нивните програми, и одговараа на прашања од публиката, од новинари, претставници на граѓанскиот сектор и од противкандидатите. Значајно е да се напомене дека Телевизијата обезбеди широка платформа за претставување и дебатирање со кандидатите за градоначалници од повеќето партии и коалиции, и покрај тоа што главно кандидатите на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ не се одзиваа на поканите за учество. Во овој период ТВ Телма започна со емитување и на новата актуелно – информативна емисија „Ноќно студио" во која преку авторски третман поопширно се разработуваа неколку од најактуелните теми од политичкиот, социјално - општествениот и економскиот живот проследени со неколку интервјуа со експерти, засегнати страни со темата и познавачи. Сите забележани емисии се емитувани еднаш премиерно и со една реприза истиот или наредниот ден.

*Интервјуа*

Интервју со Таки Фити, претседател на МАНУ се емитуваше во рамките на „Топ тема" со Александар Чомовски на 26.09.2017г. Во „Топ тема" со Оливера Трајковска од 28.09.2017г. се емитуваше интервју со Министерот за финансии Драган Тевдовски. Во првиот дел од „Топ тема" со Чомовски на 03.10.2017г. се емитуваше интервју со Иснифарис Џемаили од случајот „Бачило", кој е означен како правен и политички преседан, а во кое овчарот Џемаили ги обвини Никола Груевски, Сашо Мијалков и Михајло Маневски за уцени.

*Дебати*

На 25.09.2017 г. се емитуваше „Топ тема на Ваша страна - Town Hall дебатата" од народниот театар Јордан Хаџи-Константинов Џинот во Велес со кандидатите за градоначалници на Велес - Аце Коцевски од СДСМ и Гоце Чушков од Народното движење за Македонија.

На 27.09.2017 г. Town Hall дебатата беше од Тетово со претставување на кандидатите за градоначалник на Тетово Аднан Незири од Алијансата за Албанците и Теута Арифи од ДУИ.

На 29.09.2017 г. се емитуваше Town Hall дебатата од Штип во која учествуваше само кандидатот од СДСМ Благој Бочварски, а кандидатот на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и актуелен градоначалник Илчо Захариев го откажал своето учество.

Во „Топ тема на Ваша страна" со Боби Христов, емитувана на 02.10.2017, дебатираа универзитетските професори Никола Дујовски, Јове Кекеновски и Лура Положани за прашањето колку дискурсот на политичарите ги рефлектира барањата на граѓаните, а во рамките на емисијата имаше и снимен прилог на Тамара Грнчароска, анализа на досегашната застапеност на барањата на граѓаните во активностите на локалната власт и прилог на Александар Манасиев со Кристина Хаџи-Василева, консалтинг за стратешки развој, за одлуките на локалните власти и барањата на жителите.

Вториот дел од „Топ тема" со Александар Чомовски емитуван на 03.10.2017 г. претставуваше дебата помеѓу новинарите Љубиша Станковиќ и Зоран Димитровски.

Во „Топ тема на Ваша страна - Town Hall", дебатата од Прилеп на 04.10.2017 г. учествуваше кандидатот за градоначалник на СДСМ Илија Јовановски, додека кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ Марјан Ристевски не се одзвал на поканата.

*Актуелно-информативни програми*

Во „Ноќно студио" со Снежана Лупевска Созен на 25.09.2017 г. гостуваше Сашо Пешев сопственик на маркетинг агенцијата Њу Момент, со кого се разговараше околу кампањите на кандидатите за локалните избори, а беше реализирано и интервју со Горан Николовски директор на УБК.

Следниот ден во „Ноќното студио" со Сања Васиќ беше емитувано интервју со Александра Грозданова професорка на Фармацевтскиот факултет, со Слаѓана Тасева од Транспаренси интернешнл, како и дел од интервјуто со Таки Фити оригинално реализирано за „Топ тема".

Во „Ноќно студио" со Боби Христов од 27.09.2017 г беа реализирани интервјуа со Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација и со Нано Ружин, поранешен амбасадор на Македонија во НАТО.

„Ноќно студио" со Снежана Лупевска Созен од 28.09.2017 г. донесе интервју со Билен Саљији министер за правда околу извештајот на Прибе, Добрила Кацарска, поранешна претседателка на Основниот суд и актуелна судијка, за злоупотребата во судската фела и со Петар Арсовски за смртта на Хју Хефнер основачот на Плејбој.

„Ноќно студио" со Борјан Јовановски од 29.09.2017 претстави репортажа за Идризово и за состојбата со затворите во Република Македонија, инспириран од извештајот на Советот на Европа за Македонија, проследена со интервју со Јовица Стојановиќ в.д. директор на управата за извршување на санкции. Беше реализирано и интервју со Владимир Божиновски за непојавувањето на ВМРО ДПМНЕ на дебатите, и со аналитичарот Сашо Ордановски (со изјави од Петар Арсовски и Исмет Рамадани), за односот на претседателот на РМ Ѓорѓе Иванов и Владата - за тоа дали постои кохабитација или кочница.

Во „Ноќно студио" од 03.10.2017 г. Сања Васиќ, по повод случајот на повредениот Елвис Бајрам, на прашањата околу тоа дали е нарушена изборната атмосфера, побара одговор од граѓанската асоцијација МОСТ, а емитуваше и интервју со германскиот амбасадор во Македонија Томас Норберт Герберих и со Никола Спасов, истражувач и комуниколог, сопственик на агенцијата Рејтинг. Мислење за темата „кампањата

на ВМРО ДПМНЕ на албански јазик" дадоа Маја Мухиќ, професорка и Алајдин Демири, политички аналитичари.

Во „Нокно студио" со Боби Христов од 04.10.2017 г. реализирано беше интервју со Трајче Китановски поранешен обвинител и Сашо Тодоровски претседател на синдикатот на македонската дипломатска служба.

„КОД со Снежана Лупевска – Созен" се емитуваше на 01.10.2017 г. со две главни теми. Првата беа македонските државјанства за странци дадени за посебни заслуги (*Какви заслуги имаат тие, додека цели семејства родени тука немаат лични карти ни државјанство?*). Побаран беше став за темата и од Народниот правобранител. Втората тема е вид на социјален експеримент кој бара одговор на прашањата, како би изгледало кога авторката на емисијата и новинарка Снежана Лупевска - Созен би се кандидирала за градоначалничка.

*Други програми*

Во емисијата „Еден на еден" со Жаре, прва од деветтата сезона, емитувана премиерно на 01.10.2017 г. и репризно на 04.10.2017 г., имаше компилација од делови од емисии од претходно емитувани шоу програми со различни гости што не се поврзани со изборите, а во која се појави и учесник во изборниот процес. Станува збор за Иван (Ванчо) Петрушевски, кандидат за советник на Град Скопје од редовите на ВМРО ДПМНЕ.

**7. Опис на прекршувањето: /**

**8. Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 10.10.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4428 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 25 септември до 4 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 10 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје, емитуван од 25 септември до 4 октомври 2017 година, на албански и на македонски јазик, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**.

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на радиодифузерот, а од дневно-информативните емисии анализирани се вестите во 18:30 и во 23:00 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Вкупниот обем анализирани прилози во првите десет дена од изборната кампања изнесува 5 часа 16 минути и 6 секунди. Делот од прилозите, во кој преку информативни жанрови, се известуваше за кампањите на политичките партии и коалиции учесници на претстојните локални избори, сочинува половина од вкупно анализираните прилози во вестите, односно 2 часа и 43 секунди (Табела 1).

***Табела 1 – Структура на темите по субјекти***

| ТВ 21 - М | | |
|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент |
| **Активности на органите на власт** | | |
| Влада на РМ | 00:32:46 | 24.11 % |
| Судство | 00:30:10 | 22.19 % |
| Специјално обвинителство | 00:07:28 | 5.49 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:11:42 | 8.61 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:09:24 | 6.92 % |
| Други субјекти | 00:18:55 | 13.92 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:03:03 | 2.24 % |
| Граѓански сектор | 00:07:01 | 5.16 % |
| Без субјекти | 00:04:01 | 2.96 % |
| Јавно обвинителство | 00:04:28 | 3.29 % |
| Собрание на РМ | 00:01:22 | 1.01 % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:40 | 1.23 % |
| Сојуз на Ромите од Македонија | 00:02:18 | 1.69 % |
| Експерти/аналитичари | 00:01:37 | 1.19 % |
| | Вкупно за тема: 02:15:55 | 100 % |
| **Активности на ДИК и други органи** | | |
| ДИК и други органи | 00:03:35 | 44.61 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:29 | 18.46 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:01:29 | 18.46 % |
| Граѓански сектор | 00:01:29 | 18.46 % |
| | Вкупно за тема: 00:08:02 | 100 % |
| **Други теми поврзани со избори** | | |
| Експерти/аналитичари | 00:05:13 | 10.83 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:03:40 | 7.61 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Други субјекти | 00:06:16 | | 13.01 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:31 | | 9.37 % |
| Граѓански сектор | 00:05:55 | | 12.28 % |
| Специјално обвинителство | 00:00:25 | | 0.86 % |
| Без субјекти | 00:11:13 | | 23.28 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:03:22 | | 6.99 % |
| Влада на РМ | 00:04:09 | | 8.61 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:34 | | 1.18 % |
| Независни кандидати | 00:00:21 | | 0.73 % |
| Јавно обвинителство | 00:01:37 | | 3.36 % |
| Сојуз на Ромите од Македонија | 00:00:55 | | 1.90 % |
| | Вкупно за тема: 00:48:11 | | 100 % |
| **Активности на учесници во изборна кампања и кандидати** | | | |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:15:39 | | 12.96 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:20:01 | | 16.58 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:18:52 | | 15.63 % |
| Беса | 00:20:03 | | 16.61 % |
| Алијанса на Албанците | 00:16:38 | | 13.78 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:19:36 | | 16.24 % |
| Коалиција Алијанса за Албанците | 00:07:10 | | 5.94 % |
| Левица | 00:02:44 | | 2.26 % |
| | Вкупно за тема: 02:00:43 | | 100 % |
| **Коментари/ставови** | | | |
| Без субјекти | 00:03:15 | 1 | 100.00 % |
| | Вкупно за тема: 00:03:15 | Вк. = 1 | 100 % |

**Вкупно: 05:16:06**

Медиумот речиси подеднакво известуваше за изборните активности на сите партии од албанскиот и од македонскиот политички блок. За партијата Беса беа одвоени 20 минути и 3 секунди (16,61%), потоа за ДУИ 20 минути и 1 секунда (16,58%), за ДПА – Демократска партија на Албанците беа посветени 19 минути и 36 секунди (16,24%), а за Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ - 18 минути и 52 секунди (15,63%). Нешто помалку време беше отстапено за Коалицијата предводена од СДСМ - 15 минути и 39 секунди (12,96%).

Значителен простор во дневно-информативните емисии беше отстапен за „Активностите на органите на власт", во времетраење од 2 часа 15 минути и 55 секудни. Во најголем дел информациите беа за тековните активности на Владата на Република Македонија – 32 минути и 46 секунди (24,11%), како и за актуелните судски процеси, кои се групирани во темата „Судство" - 30 минути и 10 секунди (22,19%).

Телевизијата известуваше и за активностите на ДИК – при што во два прилога посветени на проблемите во Избирачкиот список, со свои директни обраќања беа застапени и претставници на ДУИ, на Коалицијата ВМРО-ДПМНЕ и на граѓанскиот сектор (МОСТ).

Во овој извештаен период се емитуваше и еден коментар, посветен на „Шемата на Пустец" за Скопје, кога над 600 лица гласале за ВМРО-ДПМНЕ во Општина Центар.

*Табела 2 – Структура на директни обраќања*

| ТВ 21 - М | | |
|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:06:35 | 9.36 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:08:52 | 12.60 | % |
| Други субјекти | 00:07:32 | 10.71 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:29 | 3.53 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:01:42 | 2.42 | % |
| Влада на РМ | 00:07:33 | 10.73 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:02:59 | 4.24 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:05:04 | 7.20 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:04:42 | 6.68 | % |
| Специјално обвинителство | 00:02:46 | 3.93 | % |
| Граѓански сектор | 00:05:00 | 7.11 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:00:58 | 1.37 | % |
| Беса | 00:05:50 | 8.29 | % |
| Коалиција Алијанса за Албанците | 00:01:59 | 2.82 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:38 | 0.90 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:44 | 1.04 | % |
| Левица | 00:00:45 | 1.07 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:36 | 0.85 | % |
| Сојуз на Ромите од Македонија | 00:00:24 | 0.57 | % |
| Судство | 00:03:14 | 4.59 | % |
| | **Вкупно: 01:10:22** | **100** | **%** |

Табелата 2 го потврдува горенаведениот наод дека ТВ 21-М речиси подеднакво известуваше за изборните активности на сите партии од албанскиот и од македонскиот политички блок. Времето одвоено за директни обраќања е со следниот редослед: Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ – 8 минути и 52 секунди, потоа од ДУИ – Демократска унија за интеграции – 6 минути и 35 секунди, од Беса - 5 минути и 50 секунди, па следува Коалицијата предводена од СДСМ – 5 минути и 4 секунди, по неа е ДПА – Демократска партија на Албанците со 4 минути и 42 секунди и Алијансата на Албанците со 2 минути и 59 секунди.

Интересно е што медиумот речиси воопшто не емитуваше директни обраќања на кандидатите за градоначалници и советници во дневно-информативните емисии емитувани во 23:00 часот.

_Посебни информативни емисии_

_Интервјуа_

- На 02.10.2017 г. во емисијата „Клик Плус“ се емитуваше интервју, на отворено, со Фатмир Дехари, кандидат на ДУИ за градоначалник на Кичево. Емисијата е репризирана на 03.10.2017 г.
- На 02.10.2017 г. во емисијата „10 минути“ се емитуваше интервју со Осман Кадриу (правен експерт), кој зборуваше за Случајот „Монструм“.

_Дебати_

- На 26.09.2017 г. се емитуваше „Клик Плус“, со Фатмир Алиу (од Арачиново). Дебата во која учествуваа: Милитије Алими (СДСМ) Исен Рамадани (Алијанса на Албанците), Али Исмаили (Беса) и Исуф Бислими (ДУИ). Емисијата е репризирана на 27.09.2017 г.
- На 26.09.2017 г. се емитуваше „Клик Плус“, со Фатмир Алиу (од Студеничане). Дебата во која учествуваа: Азем Садику (ДПА); Феми Јонузи (ДУИ), Реџеп Мехмети (Беса) и Хаки Мустафовски (СДСМ). Емисијата е репризирана на 27.09.2017 г.

- На 27.09.2017 г. се емитуваше „Клик Плус", со Фатмир Алиу (од Желино). Дебата во која учествуваа: Блерим Сејдиу (Беса), Сали Ајдини (ДПА), Фатмир Изаири (ДУИ) и Решат Алиу (Алијанса на Албанците). Емисијата е репризирана на 28.09.2017 г.

- На 27.09.2017 г. се емитуваше „Клик Плус", со Фатмир Алиу (од Боговиње). Дебата во која учествуваа: Елвир Исени (ДПА); Минур Хасани (Беса), Берзат Бејтулаху (ДУИ) и Аљбон Џемаили (Алијанса на Албанците). Емисијата е репризирана на 28.09.2017 г.

- На 28.09.2017 г. се емитуваше „Клик Плус", со Иле Петревски. Темата беше следната: ветувањата наспроти потребите на граѓаните во Штип и во Велес. Гости беа: Аце Коцевски (СДСМ), Димитар Апасијев (Левица), Петре Печков, граѓански активист, Благој Бочварски (СДСМ) и Борислав Крнулов (Левица). Емисијата е репризирана на 29.09.2017 г.

- На 29.09.2017 г. се емитуваше „Клик Плус", со Билјана Георгиевска. Тема: Локалните избори, тест за Владата на централно ниво. Гости: Јове Кекеновски, Имер Селмани, Андреј Петров, Александар Михајловски. Емисијата е репризирана на 30.09.2017 г.

- На 03.10.2017 г. се емитуваше „Клик Плус", со Фатмир Алиу (од Дебар). Дебата во која учествуваа: Арбен Аголи (Алијанса на Албанците), Ружди Лата (ДУИ), Џемали Чупи (Беса), Петрит Клења (ДПА) и Шкелќим Џафа (РДК-Унитети). Емисијата е репризирана на 04.10.2017 г.

- На 03.10.2017 г. се емитуваше „Клик Плус", со Фатмир Алиу (од Врапчиште). Дебата во која учествуваа: Реџеп Реџепи (Беса), Даут Демири (СДСМ) Гајур Рушити (ДУИ), Сами Алиу (ДПА) и Исен Шабани (Алијанса на Албанците). Емисијата е репризирана на 04.10.2017 г.

- На 03.10.2017 г. се емитуваше „Клик Плус", од Сарај. Дебатна емисија со кандидати за градоначалник во Општина Сарај: Блерим Беџети (ДУИ), Башким Бакиу (Беса), Екрем Алија (Алијанса на Албанците) и Сефедин Салиу (ДПА).

*Актуелно-информативни програми*

Во рамки на извештајниот период емитувани се осум изданија на информативната емисија „10 минути". Редоследно, тие десет минути од насловот на емисијата, беа посветени на: активност на ЦИВИЛ за подобри Локални избори, во емисијата има изјава на амбасадорот на Германија, Томас Герберх, репортажа за село Орланце, Арачиново, во која жителите се жалат на лошите услови, реприза на репортажа за Пустец, Албанија, одложување на рочиштето за случајот „Шамар", против Никола Груевски, искажување на Радмила Шеќеринска и Никола Поповски за интеграцијата во ЕУ на Република Македонија, збир на актуелни социјални теми, започнување на судскиот процес против Горан Грујовски и емисија за потранспарентен Судски совет.

## 7. Опис на прекршувањето: /

## 8. Предлог-мерка: /

***Сектор за програмски работи***

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 10.10.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4430 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ, Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 25 септември до 4 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 10 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, емитуван од 25 септември до 4 октомври 2017 година, на албански, турски и на македонски јазик, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на радиодифузерот, а од дневно-информативните емисии анализирани се вестите од 18:55 часот и по 23 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Поради поставеноста на програмската шема, а согласно со основната потреба на методологијата - да се анализираат две изданија на дневно-информативни емисии во кои се концентрирани најголем број новинарски прилози за изборната кампања од Локалните избори 2017 година, во периодот од 25 септември до 4 октомври 2017 година, мониторингот се спроведе врз изданијата на ТВ дневникот од 18:55 часот, и на она од 23:30 часот, што не беше фиксен програмски термин, а најчесто преоѓаше и во периодот по полноќ. Оттаму, вкупно се собрани – 4 часа 30 минути 52 секунди, а главно се работи за новинарски извештаи од класичните обици на изборна кампања (средби со граѓани и митинзи), уредувачки стандардизирани на - 1 ипол минута за претставување на изборните поенти, проследени со триесеттина секунди за „директни обраќања". Со оглед на бројот верификувани листи со кандидати за градоначалници, може да се рече дека ТВ Шења во првите десет дена од официјалната кампања рамномерно известува за активностите на учесниците во изборниот процес, ако се имаат предвид посредните сознанија (преку компаративен увид во статистиката од ТВ дневниците на другите национални телевизии) дека партијата Народно движење за Македонија немала релевантни изборни активности.

Во статистиката насловена – „други теми поврзани со изборите", бележени се активности на (не)посредни учесници во изборниот процес, но пред сè во неговиот организациски и набљудувачки дел, а не директно вклучени во облиците на кампањата, односно: македонски граѓански организации, мисијата на ОБСЕ ОДИХР, претставници на дипломатскиот кор, различни институции и организации од Европската Унија, странски фондации, или, пак, активностите на Министерството за внатрешни работи (поврзано со статистиката за субјектот – „Влада"), реакциите на одредени политички партии во врска со инцидентиte што ги следеа првите десет дена од изборната кампања, како и ставови на граѓани за општата состојба на нивната матична општина, наспроти повеќегодишното лошо искуство од изборните ветувања. Исто така, во оваа статистичка категорија влегуваат и цитатите/поентите што ТВ Шења ги вадеше од својата дебатна емисија „Отворено", осмислена преку соочувања на учесниците во изборната кампања.

*Табела 1 – Структура на темите по субјекти*

| ТВ Шења | | |
|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** |
| Активности на органите на власт | | |
| Судство | 00:11:31 | 19,59 % |
| Специјално обвинителство | 00:03:24 | 5,78 % |
| Без субјекти | 00:03:01 | 5,13 % |
| Влада на РМ | 00:28:33 | 48,57 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:37 | 6,15 % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:35 | 0,99 % |
| Други субјекти | 00:05:43 | 9,72 % |
| Јавно обвинителство | 00:02:23 | 4,05 % |
| | Вкупно за тема - 00:58:47 | 100 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Активности на ДИК и други органи** | | | |
| ДИК и други органи | 00:05:21 | 100,00 | % |
| | Вкупно за тема - 00:05:21 | 100 | % |
| **Други теми поврзани со избори** | | | |
| Експерти/аналитичари | 00:05:00 | 6,93 | % |
| Граѓански сектор | 00:11:20 | 15,71 | % |
| Влада на РМ | 00:05:27 | 7,55 | % |
| Без субјекти | 00:13:49 | 19,15 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:24 | 6,10 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:02:29 | 3,44 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:05:05 | 7,05 | % |
| Беса | 00:06:24 | 8,87 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:05:30 | 7,62 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:02:13 | 3,07 | % |
| Други субјекти | 00:07:06 | 9,84 | % |
| Собрание на РМ | 00:01:02 | 1,43 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:10 | 1,62 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:10 | 1,62 | % |
| | Вкупно за тема - 01:12:09 | 100 | % |
| **Активности на учесници во изборна кампања и кандидати** | | | |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:18:52 | 14,62 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:18:31 | 14,35 | % |
| Беса | 00:29:45 | 23,05 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:25:16 | 19,58 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:25:18 | 19,60 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:11:21 | 8,80 | % |
| | Вкупно за тема - 02:09:03 | 100 | % |
| **Коментари/ставови** | | | |
| | 00:05:32 | 100,00 | % |
| | Вкупно за тема - 00:05:32 | 100 | % |
| | **Вкупно - 04:30:52** | | |

Судството е редовно застапена тема на дневниците на ТВ Шења, и тоа како континуиран новинарски интерес за актуелностите и за хронологијата од долготрајни судски процеси, што неретко се отвора и како тема за поширок осврт кон потребите од реформи на судскиот систем воопшто. Во овие рамки, бележени се повторените/одложените рочишта за судски случаи во надлежност на Специјалното јавно обвинителство, а поврзани со лидерите на СДСМ и на ВМРО ДПМНЕ, или, пак со некои од актуелните градоначалници од редовите на најголемата македонска опозициска партија. Притоа, новинарскиот интерес редовно го посочува пресекот на ингеренциите помеѓу различни инстанци од судската власт, како и ставовите на правните застапници на осомничените или на осудените.

Во овој период, од прилозите за активностите на Владата, за поистакнати можат да се посочат прилозите за отчетот на одредени министерства, работата на министерката Шекеринска за интеграциите на Република Македонија во НАТО, изјавите на министерот Спасовски во однос на системот за разузнавање, дипломатската активност на министерот Димитров, како и официјалните соопштенија на Министерството за здравство и на други надлежни органи од државната управа, околу „црниот тренд“ на смрт на новороденчиња и родилки.

*Табела 2 – Директни обраќања на субјектите*

| ТВ Шења | | |
|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент |
| Експерти/аналитичари | 00:01:42 | 1,74 % |
| Граѓански сектор | 00:04:38 | 4,73 % |
| Влада на РМ | 00:09:48 | 10,01 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:13:25 | 13,70 % |
| Беса | 00:18:19 | 18,71 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:38 | 2,69 % |
| Алијанса на Албанците | 00:07:12 | 7,35 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:13:36 | 13,89 % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:09:17 | 9,48 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:08:23 | 8,56 % |
| Специјално обвинителство | 00:00:57 | 0,97 % |
| Други субјекти | 00:04:58 | 5,07 % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:25 | 0,43 % |
| Собрание на РМ | 00:00:44 | 0,75 % |
| Судство | 00:01:04 | 1,09 % |
| Јавно обвинителство | 00:00:48 | 0,82 % |
| | Вкупно - 01:37:54 | 100 % |

*Посебни информативни емисии*

*Дебати*

На 26 септември, во емисијата „Отворено студио", реализирана е дебата помеѓу кандидатите за градоначалник на Општината Липково: Беким Афизи, од Алијансата на Албанците, Бардул Дестани, од ДПА, и Шабан Зендели, од Беса. Водителот нагласува дека на уредно пратената покана за дебата не се одзвале кандидатите на Колаицијата предводена од СДСМ и на ДУИ. Истата емисија, со иста дебатна тема само за кандидатите на Општина Арачиново, беше емитувана на 27 септември, а учествуваа: Мелекие Халими, од Коалицијата на СДСМ, Али Исмаили, од Беса, и Исен Рамадани, од Алијансата на Албанците. На почетокот од дебатата, водителот потсети дека ДУИ продолжува да ја игнорира ТВ Шења, но, сепак, на крајот од емисијата, водителот ги постави и 5 прашања планирани за кандидатот на оваа партија. На 28 септември, по истиот принцип, дебатата се води помеѓу кандидатите за градоначалник на Општина Студеничани: Азем Садики, од ДПА, Аки Мустафовски, од Коалицијата на СДСМ, и Реџеп Мемеди од Беса. Јасно е кажано дека кандидатот на Алијансата на Албанците отсуствувал поради здравствени причини, и дека ДУИ продолжува со своеволните отсуства. На 2 октомври, во „Отвореното студио" се соочија кандидатите за Општина Теарце: Амир Елези, од Беса, Незат Велиу од Алијансата на Албанците, и Рухан Иљази од ДПА. Водителот и овојпат ги постави петте прашања за отсутниот кандидат на ДУИ. На 3 октомври, отворена е дебата меѓу кандидатите за Општина Боговиње, а учествуваа: Албон Џемаили, од Алијансата на Албанците, Елвир Исени, од ДПА, Мунир Асани од Беса, а од наведените причини отсуствува кандидатот на ДУИ.

Дебата за Локалните избори 2017 година, но во поширок политиколошки контекст, ТВ Шења отвори и на 1 октомври, а се соочија експертите СеферТаири и Александар Цветковски.

7. **Опис на прекршувањето: /**

8. **Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:
- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 10.10.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4432 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 25 септември до 4 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 10 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;

- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговско Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, емитуван од 25 септември до 4 октомври 2017 година, на македонски јазик, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на радиодифузерот, а од дневно-информативните емисии анализирани се вестите во 19 и во 22 часот (Обсервер и Дневен бриф на Нова).

*<u>Дневно-информативни емисии</u>*

Во вестите, вкупниот обем анализирани прилози изнесува 8 часа 17 минути и 45 секунди, од кои најголемиот дел се извештаи, има изјави, вести, коментари и осврти (30 минути и 20 секунди) и две интервјуа - со Ристо Никовски (по средбата на претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски со унгарскиот премиер Виктор Орбан и поранешниот словенечки премиер Јанез Јанша, и поддршката што тие ја упатија за оваа партија) и со Амди Бајрам по повод нападот врз неговиот син Елвис Бајрам, кандидат за градоначалник на Општина Шуто Оризари од Сојузот на Ромите на Македонија.

*<u>Табела 1 – Структура на темите по субјекти</u>*

| ТВ НОВА<br>Тема | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Активности на органите на власт | | | |
| Влада на РМ | 01:02:26 | 54,91 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:13:45 | 12,09 | % |
| Граѓански сектор | 00:03:39 | 3,21 | % |
| Други субјекти | 00:15:43 | 13,82 | % |
| Судство | 00:04:39 | 4,09 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:00:58 | 0,85 | % |
| Независни кандидати | 00:03:54 | 3,43 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:49 | 2,48 | % |
| Јавно обвинителство | 00:02:19 | 2,04 | % |
| Без субјекти | 00:00:50 | 0,73 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:40 | 2,35 | % |
| Вкупно за тема: | 01:53:42 | 100 | % |
| Активности на ДИК и други органи | | | |
| ДИК и други органи | 00:06:37 | 100,00 | % |
| Вкупно за тема: | 00:06:37 | 100 | % |
| Други теми поврзани со избори | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Влада на РМ | 00:14:23 | 12,93 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:40 | 0,60 | % |
| 192. Граѓански сектор | 00:05:15 | 4,72 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:07:43 | 6,94 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:19:34 | 17,59 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:10:26 | 9,38 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:13:22 | 12,02 | % |
| Други субјекти | 00:16:49 | 15,12 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:10 | 1,95 | % |
| Јавно обвинителство | 00:02:10 | 1,95 | % |
| Сојуз на Ромите од Македонија | 00:14:53 | 13,38 | % |
| Без субјекти | 00:03:49 | 3,43 | % |
| | Вкупно за тема: 01:51:14 | 100 | % |
| **Активности на учесници во изборна кампања и кандидати** | | | |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:37:07 | 41,17 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 02:01:14 | 51,40 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:49 | 1,62 | % |
| Беса | 00:01:11 | 0,50 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:01:02 | 0,44 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:48 | 0,34 | % |
| Коалиција Алијанса за Албанците | 00:00:23 | 0,16 | % |
| Сојуз на Ромите од Македонија | 00:04:09 | 1,76 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:01:02 | 0,44 | % |
| ДИК и други органи | 00:03:31 | 1,49 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:36 | 0,68 | % |
| | Вкупно за тема: 03:55:52 | 100 | % |
| **Коментари/ставови** | | | |
| | Вкупно за тема: 00:30:20 | 100 | % |
| | **Вкупно: 08:17:45** | | |

Распоредот на времето во Табела 1 покажува дека ТВ Нова интензивно ја следеше изборната кампања за Локалните избори 2017 година. Имено, околу 3 часа и 56 минути од вестите биле прилози од кампањата што е блиску до половина од вкупното анализирано време. Фокусот во известувањето беше ставен на двете коалиции – едната на ВМРО ДПМНЕ и другата на СДСМ кои имаат најмногу кандидати за градоначалници и за советници и кои имаат добиено најмногу време - првата околу 2 часа, а втората 1 час и 37 минути. Притоа, од квалитативен аспект третманот беше ист - во првите вести имаше јавување на репортер во живо, во вторите - снимки од обраќањата во вечерните митинзи. Во прилозите за активностите на градоначалничките кандидати, каде фокусот беше на Скопје и скопските општини, се настојуваше да им се даде еднакво време. И распоредот на директните обраќања за овие две коалиции го покажува таквиот однос (Табела 2). Поголемото време за директни обраќања за Сојузот на Ромите се должи на интервјуто со Амди Бајрам по повод инцидентот во кој беше повреден неговиот син.

Иако третманот на двете коалиции од кампањските активности на терен беше ист, за онаа предводена од ВМРО ДПМНЕ има околу 24 минути повеќе отколку за онаа на СДСМ. Ова се должи на тоа што во времето за првата влегуваат и изјавите со поддршка од странски политичари, како и честите реакции на ВМРО ДПМНЕ за активностите и политиките на Владата.

За недостигот од информации за другите кандидати, ТВ Нова во неколку извештаи рече дека е резултат на тоа што *„другите кандидати за скопски градоначалници немаат посериозни активности“*. Кон крајот на овој извештаен период, медиумот посочи – *„На половина кампања и албанските партии на терен“*. Всушност, малите времиња за други партии произлегуваат од по некој прилог за нивните активности или од куси збирни најави за другите учесници во изборите.

Во врска со изборите, Телевизијата реализираше сопствена новинарска анкета со граѓаните за тоа какви се нивните очекувања од градоначалниците.

*Табела 2 – Структура на директните обраќања*

| ТВ НОВА | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:01:37 | 28,18 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 01:09:57 | 31,99 | % |
| Влада на РМ | 00:21:40 | 9,91 | % |
| Граѓански сектор | 00:03:04 | 1,40 | % |
| Други субјекти | 00:15:41 | 7,17 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:06 | 0,96 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:04:18 | 1,97 | % |
| Сојуз на Ромите од Македонија | 00:14:47 | 6,76 | % |
| ДИК и други органи | 00:03:00 | 1,37 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:19:18 | 8,83 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:33 | 0,25 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:38 | 0,29 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:00:38 | 0,29 | % |
| Беса | 00:01:24 | 0,64 | % |
| | **Вкупно: 03:38:41** | **100** | **%** |

Прилозите за активностите на органите на власта зафаќаат 1 час и безмалку 54 минути во вестите - речиси еднакво колку и другите теми за кои има 1 час и 51 минута (Табела 1).

Една од темите на кои редовно и беше посветено внимание беше прашањето – што сè е предмет на преговорите меѓу Македонија и Грција во врска со името на земјава. Освен преку официјалните изјави на власта и опозициската ВМРО ДПМНЕ, во врска со ова прашање беа пренесени и ставовите на грчкиот политички врв (министерот за надворешни работи, Парламентот) и на грчките медиуми, кои новинарите на ТВ Нова ги анализираа (на пример, во прилогот „Каков пакет сака Атина за името на Македонија?“ – 1 минута и 35 секунди). Пренесени беа и обвинувањата од грчкиот претседател Прокопис Павлопулос дека Македонија се обидува да фалсификува историја. Во најавата за средбата на министрите за надворешни работи на двете земји Никола Димитров и Никос Коѕијас со шефовите на дипломатиите на Албанија и Бугарија, беше разгледано прашањето за барањата на Грција и Бугарија за ревизија на учебниците во Македонија. За средбата и темите на разговор беше известувано преку репортер од Солун.

Што се однесува до прилозите за активности на власта поврзани со инфраструктурни проекти – ТВ Нова заземе критички став. На 27 септември, во двете изданија на вестите имаше извештај за ставањето камен-темелник на фабриката на „Чагатај кабло“. Во вторите вести се емитуваше критички прилог - „Анѓушев не гледа проблем да се оди на камен темелници во предизборие“ (1 минута и 3 секунди) за учеството на министри на вакви настани во време на изборна кампања - конкретно за министерот Кочо Анѓушев од кого имаше изјава дека смета оти тоа не е проблем (емитувана и ден претходно), а беше наведено и дека биле присутни и министерот без ресор Аднан Ќахил и директорот на ТИРЗ Александар Младеновски.

Во „Оризопроизводителите во вербален дуел со Николовски“ кој се однесуваше на традиционалниот настан по повод почетокот на жнеењето на оризот, емитуван беше дијалог пред камерите со оризопроизводители кои го критикуваа министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Љупчо Николовски околу ветувањата за цената на оризот.

За коментари и осврти беа издвоени половина час од дневно-информативните емисии.

На 27 септември, во двете анализирани изданија на вестите, во осврТот „Какви слогани и пораки имаат политичките партии?“ (3 минути и 26 секунди) аналитичари, експерти за социјални медиуми и менаџери за односи со јавност ги анализираа слоганите и начинот на кој кампањите за овие локални избори ги водат коалициите предводени од ВМРО ДПМНЕ и од СДСМ.

29 септември, беше емитуван осврт „ТВ Нова анализа: Во најголем дел од општините градоначалник ќе се избере уште во првиот круг“ (2 минути и 24 секунди), со експертски став, за тоа во кои општини е можно да се избере кандидат уште во првиот круг .

На 30 септември имаше коментар „Стар список со нови гласачи – молчат чистачите на „фантоми“ (4 минути и 2 секунди) со критика за тоа што оваа година не се проблематизира Избирачкиот список иако има исти одлики како и кога беа одложувани парламентарните избори.

На 3 октомври, во коментарот „Телоп: Само половина кампања, а цела серија инциденти“ (3 минути и 20 секунди) беше разработена темата за инцидентите и нападите врз кандидати кои за локалните избори ги има повеќе отколку за минатогодишните парламентарни избори.

На 4 октомври, беше емитуван коментар „Изборен пазар или прва искрена македонско-албанска коалиција“ (3 минути и 43 секунди) во кој беше наведено дека поддршката меѓу СДСМ и ДУИ за Локалните избори се одвива по принципот „помогни ми да ти помогнам“ при што е пренесен став на писателот Ким Мехмети кој го обвини Заев за перверзна политика зашто ДУИ била на власт и лани - кога на парламентарните избори СДСМ ги повикувал Албанците да ја сменат власта, и сега - кога им дава поддршка на кандидатите на ДУИ.

*<u>Посебни информативни емисии</u>*

ТВ Нова емитуваше повеќе посебни информативни емисии со учесници во изборниот процес или на теми поврзани со изборите.

*<u>Интервјуа</u>*

За време на првите 10 дена од изборната кампања, беше емитувано само едно интервју со поранешната министерка за култура, Елизабета Канческа Милевска, реализирано како дел од Отворено студио, емисијата која најчесто има дебатен карактер. Премиерата на ова интервју беше емитувана на 4 октомври во редовниот термин во 20 часот и 30 минути и репризирано истиот ден пред полноќ. Тема на ова интервју беше „Културата во филм“.

*<u>Актуелно информативни емисии</u>*

На 25 септември во 16 часот и 34 минути, ТВ Нова емитуваше директно вклучување од прес-конференција на ВМРО ДПМНЕ. На оваа прес-конференција генералниот секретар Христијан Мицкоски упати обвинувања кон министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски за постоење на режим и хунта по поднесените кривични пријави против градоначалниците на ВМРО ДПМНЕ.

Од 25 септември до 4 октомври, емитувани беа седум изданија на актуелно-информативната програма „*Бумбар*“, изведена како контактна емисија со директни телефонски јавувања и комуникација преку социјалната мрежа Фејсбук. Емисијата е така конципирана што гледачите гласаат со бел или црн бумбар за две зададени теми, зависно од тоа дали имаат позитивен или негативен став за нив. Премиерното издание

на емисијата Бумбар е во 18 часот, од понеделник до петок, со две редовни репризи во 1 или во 3 часот по полноќ и наутро наредниот ден. Темите за кои граѓаните можеа да го искажат својот став беа:

- *„Инспекторатот за локална самоуправа ги стопираше референдумите", „Нимиц најави забрзување на преговорите за името"* (премиера на 26 септември, репризи на 27 септември);
- *„Фити: Не смееме да го успориме унапредувањето на јазиците на заедниците", „Ќе се изработува регистар на население"* (премиера на 27 септември, репризи на 28 септември);
- *„Македонско – грчка комисија ќе интервенира во учебниците", „Петиција за укинување на патарините и воведување „вињета"* (премиера на 28 септември, репризи на 29 септември);
- *„ДИК: Не може референдум и локални избори во ист ден", „Шеќеринска: Не треба да се фокусираме на рокот, туку на реформите"* (премиера на 29 септември, репризи на 30 септември);
- *„Да се прашаат историчарите како Грците гледаат на нас", „За 40 дена починаа 11 новороденчиња"* (премиера на 2 октомври, репризи на 3 октомври);
- *„Инциденти во пресрет на локалните избори", „Заев: Владата ќе работи за целосна интеграција на сите граѓани"* (премиера на 3 октомври, репризи на 4 октомври)
- *„ЈО бара укинување на пресудите во Монструм", „Димитров со порака до Грција: Препознајте го овој момент" (премиера на 4 октомври, репризи на 5 октомври).*

*<u>Дебати</u>*

Во периодот од 25 септември до 4 октомври, ТВ Нова продолжи да ги емитува дебатните емисии *Отворено студио* и *Аргументи* во редовниот термин во 20 часот и 30 минути. Како новитет за овој извештаен период е емисијата *Локални избори* во која преку дебата медиумот се обиде да и ги претстави на јавноста кандидатите за градоначалници за претстојните Локални избори. Поради неможност да присуствуваат во студиото или пак поради други причини, предвидените дебати помеѓу кандидатите за градоначалници на општина Аеродром и општина Гази Баба, беа реализирани како интервјуа.

- Во „Отворено студио" на тема *„Локални избори 2017"* во кое беа поканети сите осум кандидати за градоначалници на град Скопје, дебатираа Марија Џонс од Левица, Ѓорѓи Тодоров од НДМ и кандидатот на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ Коце Трајановски (премиера на 25 септември во 18 часот);
- На тема „Медиумите и изборите" во редовниот термин на Отворено студио гостуваа Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Виктор Грозданов – член на Централниот одбор на ГРОМ и поранешен директор на Асоцијацијата на приватни електронски медиуми (премиера на 25 септември, репризи на 26 септември);
- *„Ангела Меркел победи, дали ќе се состави стабилна Влада?"*, на оваа тема по одржаните избори во Германија дебатираа професорот на Јустинијан Први, Александар Спасов, Васил Васко Грков – поранешен конзул во СР Германија, а подоцна во студиото им се приклучи и поранешниот пратеник на ВМРО ДПМНЕ, Александар Николовски (премиера на 26 септември, репризи на 27 септември);
- На тема *„Локални избори 2017"* во студиото гостуваше актуелниот градоначалник и кандидат на Коалицијата за подобра Македонија на општина Аеродром Ивица Коневски. Предвидената дебата на која бил поканет и кандидатот од Коалицијата за живот во Македонија Златко Марин, се реализираше како интервју со Ивица Коневски (премиера на 27 септември, реприза во 23 часот);
- *„Локални избори – да се биде или не"*, беше тема на емисијата Аргументи со Љубиша Николовски во која гостуваа политичките аналитичари Наталија Ивчева и Алберт Муслиу (премиера на 27 септември, репризи на полноќ и на 28 и 30 септември);

- Дебата на ТВ Нова на тема *„Локални избори 2017“* помеѓу кандидатите за градоначалник на општина Центар: Александар Митров од Левица и на Коалицијата за подобра Македонија Дејан Јовановски. На оваа дебата бил поканет и кандидатот на Коалицијата предводена од СДСМ Саша Богдановиќ но, како што забележа водителот, поканетиот „не нашол за сходно да дојде на дебатата“ (премиера на 28 септември, реприза во 23 часот и две репризи во редовните термини на 29 септември);
- *„Што би значеле договорите со Грција и Бугарија“*, на оваа тема во Отвореното студио дебатираа историчарот Тодор Чепреганов, поранешниот амбасадор и аналитичар Ристо Никовски и професорката Наташа Котлар (премиера на 29 септември, од ова издание се емитувани седум репризи);
- *„Системот или етиката: Што стои зад здравствените несреќи?“*, издание на Отворено студио во кое гостуваа д-р Андон Чибишев, доктор на Клиниката за токсикологија и д-р Игор Николов, доктор од Клиниката за нефрологија (премиера на 2 октомври, репризи на 3 октомври);
- *„Локални избори 2017“*, уште едно дебатно издание на кое било предвидено да учествуваат сите кандидати за градоначалник на општина Гази Баба. Поканата ја прифатиле актуелниот градоначалник и кандидат од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ за претстојните избори Тони Трајковски, како и Зоран Трпчевски кандидат на партијата Левица. Во емисијата не присуствуваше Борче Ѓеоргиевски кандидатот на Коалицијата предводена од СДСМ, иако бил уредно поканет (премиера на 3 октомври, реприза околу полноќ и во 11 часот следниот ден);
- Замислена како дебата помеѓу кандидатите за градоначалници на општина Бутел, емисијата Отворено студио на тема *„Локални избори 2017“* за 4 октомври беше реализирана како интервју само со еден од кандидатите за општина Бутел. Во Отвореното студио биле поканети кандидатите за градоначалници на ВМРО ДПМНЕ, СДСМ, ДПА, Беса и НДМ, но во студиото присуствуваше само Дарко Костовски, кандидатот на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ. Ова издание на Отворено студио е временски пократко од стандардните изданија и трае дваесетина минути.

**7. Опис на прекршувањето: /**

**8. Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:
д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 10. 10. 2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4434 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 25 септември до 4 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 10 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово, емитуван од 25 септември до 4 октомври 2017 година, на албански јазик, **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на радиодифузерот, а од дневно-информативните емисии анализирани се две изданија на Вестите, во 18 часот и 45 минути и во 22 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Во првите десет дена од изборната кампања, примерокот за мониторинг на ТВ Арт Чаннел е проширен на две изданија на дневно-информативни емисии, оттаму анализата на изборното медиумско претставување е спроведена врз вкупно 20 изданија на Вестите во 18 часот и 45 минути и во 22 часот.

Вкупната должина на анализираните прилози изнесува 7 часа, 8 минути и 4 секунди.

*Табела 1: Структура на теми по субјекти*

| ТВ Арт | | | |
|---|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент | |
| Активности на органите на власт | | | |
| Влада на РМ | 00:32:17 | 41.25 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:03:17 | 4.20 | % |
| Судство | 00:13:46 | 17.59 | % |
| Специјално обвинителство | 00:04:59 | 6.37 | % |
| Други субјекти | 00:12:16 | 15.67 | % |
| Јавно обвинителство | 00:05:02 | 6.43 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:39 | 8.50 | % |
| | Вкупно за тема: 01:18:16 | 100 | % |
| Други теми поврзани со избори | | | |
| Експерти/аналитичари | 00:38:48 | 37.71 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:16 | 2.20 | % |
| Влада на РМ | 00:04:55 | 4.78 | % |
| Други субјекти | 00:29:24 | 28.57 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:02:42 | 2.62 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:02:42 | 2.62 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:11:15 | 10.93 | % |
| Без субјекти | 00:03:02 | 2.95 | % |
| ДИК и други органи | 00:06:46 | 6.58 | % |
| Беса | 00:01:04 | 1.04 | % |
| | Вкупно за тема: 01:42:54 | 100 | % |
| Активности на учесници во изборна кампања и кандидати | | | |
| Алијанса на Албанците | 00:22:16 | 9.02 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:59:10 | 23.96 | % |
| Беса | 00:33:23 | 13.52 | % |
| Коалиција Алијанса за Албанците | 00:11:31 | 4.66 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:51:19 | 20.78 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:33:10 | 13.43 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:32:10 | 13.03 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:02:13 | 0.90 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:01:42 | 0.69 | % |
| | Вкупно за тема: 04:06:54 | 100 | % |

**Вкупно: 07:08:04**

Прилозите во двете изданија на дневно - информативните емисии во кои се известува за кампањата на политичките партии и коалиции, опфаќаат 4 часа 6 минути и 54 секунди, што е повеќе од половина од вкупните прилози во вестите (Табела 1). Известувањето за кампањата на политичките партии и коалиции, во поголем дел е реализирано преку информативните жанрови. Од ова време најмногу е одвоено за ДУИ - 59 минути и 10 секунди. Речиси со идентично време е застапена и ДПА – 51 минута и 19 секунди. За активностите на БЕСА се одвоени 33 минути и 23 секунди, а за Алијансата на Албанците - 22 минути и 16 секунди. Двете коалиции кои имаат најголем број кандидати на овие избори, се присутни со приближно еднакво време во двете изданија на дневно–информативните емисии – Коалицијата предводена од СДСМ е застапена со 33 минути и 10 секунди, а Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ со 32 минути и 10 секунди.

Треба да се истакне дека медиумот направи напор балансирано да известува за дневните активности на учесниците во изборната кампања следејќи го интензитетот на предизборните активности на партиите и коалициите што настапуваат со поголем број кандидати за градоначалници. Во помал обем, медиумот известуваше и за активности на Коалицијата Алијанса за Албанците, ГРОМ и за ПДП.

Другите теми поврзани со избори, исто така, обработени претежно преку информативни жанрови, сочинуваат 1 час 42 минути и 54 секунди (24.04%). Временски најзастапени во оваа категорија се прилозите во кои аналитичари и експерти го изнесуваат својот став за актуелните теми во овој период – изборната кампања и серијата инциденти во изборните штабови, за кандидатите Албанци во македонските партии, политичката реторика во изборните кампањи, политичкото влијание во судството, спорот со името и дипломатските односи со Грција. Како аналитичари/експерти во различни области, медиумот на овие теми ги консултира: Џелал Незири (политички аналитичар), Селим Ибраими (политички аналитичар), Ѓатиф Бакиу (политички аналитичар), Зекирија Реџепи (универзитетски професор), Сељадин Салиу (универзитетски професор), Зоран Андонов (политички новинар), Беса Кадриу (универзитетски професор), Вјолца Бериша (лингвист), Башким Селмани (универзитетски професор), Хасан Јашари (универзитетски професор).

Во прилозите за активностите на органите на власт, најмногу време медиумот одвои за активностите на Владата – 32 минути и 17 секунди. Во двете изданија на дневно-информативната емисија во овој десетдневен период, медиумот информираше за посетата на вицепремиерот за евроинтеграции, Бујар Османи на Приштина, ја пренесе изјавата на министерот за култура, Роберт Алаѓозовски во прилогот за ревизија на споменициите од проектот „Скопје 2014", обраќањето на министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски за фер и демократски избори, изјавата на министерот за информатичко општество, Дамјан Манчевски за проблемите со администрацијата и партиските притисоци пред изборите како и најавата за дипломатската средба на министрите за надворешни работи на Македонија, Грција и Бугарија во Солун.

*Табела 2: Структура на директни обраќања*

| ТВ Арт | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:20:05 | 9.28 | % |
| Влада на РМ | 00:12:20 | 5.70 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:42:19 | 19.55 | % |
| Беса | 00:18:06 | 8.36 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:13:35 | 6.27 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:30:11 | 13.94 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:20:02 | 9.25 | % |
| Коалиција Алијанса за Албанците | 00:07:54 | 3.65 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:02:12 | 1.02 | % |
| Специјално обвинителство | 00:02:08 | 0.99 | % |
| Други субјекти | 00:20:03 | 9.26 | % |
| ДИК и други органи | 00:03:08 | 1.45 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:20:34 | 9.50 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:01:00 | 0.46 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:48 | 0.37 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:04 | 0.95 | % |
| | **Вкупно: 03:36:29** | **100** | **%** |

Структурата на директните обраќања генерално го следи распоредот на субјектите од првата табела. За партијата ДУИ одвоено е најголем простор за директни обраќања во сите прилози со информативни жанрови, емитувани во двете изданија на Вестите. Во првите десет дена од кампањата за локалните избори, ДУИ во директните обраќања има 42 минути и 19 секунди, за ДПА се одвоени 30 минути и 11 секунди. За Коалицијата предводена од СДСМ и за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ одвоен е еднаков простор, првата има 20 минути и 34 секунди, а втората 20 минути и 5 секунди (Табела 2).

*Посебни информативни емисии*

Во овој мониториран период, медиумот емитуваше неколку дебатни емисии на теми поврзани со локалните избори.

На 25 септември беше емитувана емисијата „Зиг-Заг" во која на темата локални избори дебатираа: Субхи Јакупи (член на ДИК), универзитетските професори Исак Шерифи и Јусуф Зејнели и новинарката Елида Зибехари.

Во емисијата „Зиг-Заг" емитувана на 28 септември гостин беше поранешниот политичар и активист за правата на Албанците, Бардил Махмути. Емисијата репризно се емитуваше на 29 септември.

Во дебатната емисија „Зиг-Заг" емитувана на 3 октомври, се дебатираше на тема: Јазик на омраза – како да се справиме?. Гости во емисијата беа Иџет Мемети (народен правобранител) и Хасан Јашари (универзитетски професор). Емисијата беше репризирана наредниот ден.

На 1 октомври, беше емитувана дебатната емисија за локалните избори „Животот во општините" со новинарката Јета Џара. Гости во емисијата беа: Идриз Орана (ДПА), Фарук Абдиу (Алијанса за Албанците), Зеќирија Ибрахими (БЕСА), Висар Ганиу (ДУИ). Водителката информираше дека во емисијата била поканета и Нермина Теловска од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, но таа не се појавила на дебатата. Емисијата беше репризирана истиот ден и на 2 октомври.

На 2 октомври, гости во емисијата „Животот во општините" беа: Бардил Даути (ДПА), Аднан Незири (Алијанса за Албанците), Биљал Касами (БЕСА) и Теута Арифи (ДУИ). Емисијата имаше две репризни изданија, едно во истиот, а едно во наредниот ден.

На 3 октомври во емисијата "Животот во општините" гостуваа: Васил Ашталковски (СДСМ), Лавдрим Елмази (БЕСА) и Зијадин Села (Алијанса за Албанците). Во емисијата биле поканети, но не дошле Рамиз Мерко (ДУИ) и Сеад Солакоски (ВМРО ДПМНЕ). Емисијата имаше две репризни изданија.

На 4 октомври гости во емисијата „Живот во општините" беа: Башким Јакиу (БЕСА), Блерим Беџети (ДУИ), Екрем Алију (Алијанса за Албанците) и Сефедин Алиу (ДПА). Емисијата имаше две репризни изданија.

Во емисијата за економија „Уметност на финансии" што се емитуваше на 27 септември, гостин беше претседателот на Стопанската комора на Северозападна Македонија, Неби Хоџа. Емисијата репризно се емитуваше на 28 септември.

На теми поврзани со локалните избори беше посветена и политичката емисија „Во фокусот", емитувана на 29 септември во која гостинка беше Ана Петрушевска од БИРН Македонија.

**7. Опис на прекршувањето: /**

**8. Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 10. 10. 2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4436 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 25 септември до 4 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 10 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, емитуван од 25 септември до 4 октомври 2017 година, на македонски јазик, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на радиодифузерот, а од дневно-информативните емисии анализирани се вестите во 17 и во 20 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Со анализа е опфатен севкупниот дневноинформативен новинарски ангажман по општествени и по внатрешнополитички теми, од кој потоа методолошки се издвоени известувањата и новинарските анализи за темата – „Локални избори 2017 година", ангажман обмислен во ТВ дневниците од 17 и од 20 часот, имајќи ја предвид поставеноста на програмската шема во периодот од 25 септември до 4 октомври 2017 година. Односно, извештајов се однесува на првите десет дена од официјалната изборна кампања што во единиците на локалната самоуправа низ целата територија на Република Македонија, со различен интензитет (финансиски, логистички и човечки – ресурси) ја водат независни кандидати, партии и (изборни) коалиции. Новинарските вести и извештаи, како најчесто употребувани основни информативни жанрови, и во овој период - за иста тема/содржина, во двете анализирани изданија на ТВ дневникот взаемно се надополнуваат, во обид да се комплетира што е можно подетална слика за кандидатскиот настап пред избирачкото тело. Вкупното анализирано дневноинформативно време изнесува – 7 часа 33 минути и 11 секунди.

Во овој однос, информативниот пристап на ТВ 24 е стандардизиран – извештаите за различните облици од јавниот настап на кандидатите за предводници на локалната власт најчесто добиваа по – 1 ипол минута од ТВ дневникот, врамени во рубрика јасно одделена од другите информации за тековни општествено-политички случувања, а предизборните поенти на кандидатите беа прикажувани во т.н. „директни обраќања" со времетраење од приближно – 30 секунди. Информативната редакција се труди да ја задржи логиката на конкретниот политички процес, односно, со погореопишаниот уредувачки пристап – да ги претставува пред сè изборните активности на кандидатите за градоначалници, а не примарно лидерите на одредени партии / коалиции. Но, ваквата комуникациска практика не зависи секогаш од волјата, свеста и од уредувачкото искуство на медиумот, туку предвид мора да се имаат и изборните концепции, и организаторските „техникалии" на самите партии/коалиции, односно: Како е изведен настапот пред гласачкото тело (митинг / средби со граѓани), кому му е даден прироритет при таквиот настап, или, пак, колку траел тој изборен настап, а како било медиумски известено за него во планираната 1 ипол минута, и, конечно, има ли медиумот доволно развиена дописничка мрежа за такво изборно промотивно темпо и за таков информативен опфат? Дека сите овие детали од изборниот процес влегуваат во уредувачкиот план на информативната редакција на ТВ 24, покажано е уште во првите ТВ дневници од 25 септември, на стартот од официјалната изборна кампања, преку опширен уредувачки коментар, што (антиципациски) ги опфати и очекувањата на Европската комисија, и поширокиот општествено-политички контекст настанат по т.н. „Договор од Пржино", потоа (не)соодветноста на изборната реторика и на облиците на политичкиот маркетинг, како и континуираното, долгогодишно обесмислување на функциите на политичкиот систем, било преку неетичкиот однос на извршната моќ - Влада / владејачка партија, било преку повторливоста на последиците од неразумен партиски ривалитет, за кој, пак, веќе на самиот почеток од кампањата, индикативни беа новинарските прилози за демолираните и изгнасени скопски изборни штабови на СДСМ и на ВМРО ДПМНЕ, но и за тешки инциденти со физички пресметки. Згора на сето ова што оди во прилог на – дневното информирање за тековните облици на изборното претставување, ТВ 24 посебно ефективно преку емисијата „Отворено", им

овозможува и непосредни меѓусебни соочувања на кандидатите за градоначалници, но и соочувања со дел од гласачкото тело во нивните матични единици на локалната самоуправа.

<u>*Табела 1 – Структура на темите по субјекти*</u>

| ТВ 24 Вести | | |
|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** |
| Активности на органите на власт | | |
| Специјално обвинителство | 00:18:27 | 7,19 % |
| Судство | 00:44:45 | 17,45 % |
| Влада на РМ | 01:14:34 | 29,08 % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:02:23 | 0,93 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:41:29 | 16,18 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:03:15 | 1,27 % |
| Јавно обвинителство | 00:22:33 | 8,79 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:07:58 | 3,11 % |
| Други субјекти | 00:26:42 | 10,41 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:20 | 0,52 % |
| Експерти/аналитичари | 00:12:13 | 4,76 % |
| Собрание на РМ | 00:00:48 | 0,31 % |
| | Вкупно за тема - 04:16:27 | 100 % |
| Активности на ДИК и други органи | | |
| ДИК и други органи | 00:01:01 | 100,00 % |
| | Вкупно за тема - 00:01:01 | 100 % |
| Други теми поврзани со избори | | |
| Влада на РМ | 00:13:18 | 17,84 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:21:53 | 29,35 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:27 | 1,95 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:13 | 2,97 % |
| Други субјекти | 00:09:06 | 12,21 % |
| Експерти/аналитичари | 00:05:07 | 6,86 % |
| Граѓански сектор | 00:07:11 | 9,64 % |
| Без субјекти | 00:01:15 | 1,68 % |
| Судство | 00:00:19 | 0,42 % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:02:12 | 2,95 % |
| Независни кандидати | 00:02:54 | 3,89 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:05:00 | 6,71 % |
| Беса | 00:00:38 | 0,85 % |
| Јавно обвинителство | 00:01:08 | 1,52 % |
| ДИК и други органи | 00:00:52 | 1,16 % |
| | Вкупно за тема - 01:14:33 | 100 % |
| Активности на учесниците во изборна кампања и кандидати | | |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:38:55 | 36,04 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:35:50 | 33,18 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:09:58 | 9,23 % |
| Беса | 00:10:30 | 9,72 % |

| | | |
|---|---|---|
| Коалиции За Битола и Заедно за Охрид (ДУИ, Беса, Алијанса на Албанците) | 00:01:50 | 1,70 % |
| Левица | 00:03:23 | 3,13 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:56 | 1,79 % |
| Алијанса на Албанците | 00:05:37 | 5,20 % |
| | Вкупно за тема - 01:47:59 | 100 % |
| Коментари/ставови | | |
| | 00:13:11 | 100,00 % |
| | Вкупно за тема - 00:13:11 | 100 % |

**Вкупно - 07:33:11**

Во статистиката под наслов – „Активности на органите на власта", во периодот од 25 септември до 4 октомври, опфатени се исклучиво редовните активности на извршната и на судската власт, како и реакциите на (не)посредно засегнати субјекти од различни општествено-политички сфери, односно претставници на политички партии, на меѓународната заедница и на граѓанското општество, правни застапници на осомничени или на осуденици, но и експертски ставови по однос на некоја владина политика. Конкретно, бележени се новинарските вести и извештаи за редовните активности на Владата (*отчети / дипломатија / подготовка на економски/административни проекти*), како и континуирани известувања за актуелните, тековни ситуации со долгогодишни судски процеси за тешки кривични дела, во кои, по различни линии на овластувања, се асоцирани и низа инстанци на судската власт и работата на Специјалното јавно обвинителство, најчесто поврзана со случаите произлезени по аферата „Прислушкување", или во врска со кривични пријави против сè уште актуелни градоначалници од редовите на опозициската ВМРО ДПМНЕ.

Со оглед на погореопишаните аналитички нијанси, уредувачкиот пристап на ТВ 24 вести обезбеди рамномерност и во можноста опфатените политички субјекти на изборната кампања јавно, преку т.н. – „директни обраќања", автентично, самостојно да ги искажат поентите од своите изборни концепти. Споредбено по бројот на пријавените кандидатски листи, според темпото на изборните активности и според организациските капацитети за презентација пред гласачите, релативно малата минутажа во прилог на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ во однос на онаа за Коалицијата предводена од СДСМ, се должи на веќе посочените реакции на опозициската партија - било за одредени владини политики, за судски процеси против нивни членови, било за евидентирани нерегуларности на изборниот процес.

*Табела 2 – Директни обраќања на субјектите*

| ТВ 24 Вести | | |
|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:46 | 2,18 % |
| Беса | 00:02:21 | 1,85 % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:20:15 | 15,98 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:26:31 | 20,93 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:13 | 1,75 % |
| Граѓански сектор | 00:02:47 | 2,20 % |
| Влада на РМ | 00:22:05 | 17,43 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:11:40 | 9,21 % |
| Специјално обвинителство | 00:04:40 | 3,68 % |
| Други субјекти | 00:15:57 | 12,59 % |
| Коалиции За Битола и Заедно за Охрид (ДУИ, Беса, Алијанса на | 00:00:12 | 0,16 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Албанците) | | | |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:42 | 0,55 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:09:40 | 7,63 | % |
| Судство | 00:02:20 | 1,84 | % |
| Левица | 00:01:50 | 1,45 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:44 | 0,58 | % |
| | **Вкупно - 02:06:43** | **100** | **%** |

*Посебни информативни емисии*

*Интервју*

Во емисијата „Неделно интервју", од Радио Слободна Европа преземено е петнаесетминутно интервју со Оливер Спасовски, министерот за внатрешни работи, а се зборува на тема – одговорноста на МВР за организацијата на Локалните избори 2017 година.

*Дебати*

Главните дебати, што суштински ја опфаќаат темата на „Локалните избори 2017 година", преку непосредни соочувања на кандидатите за градоначалници од поголемите градови на Република Македонија, реализирани беа во неколку програмски термини од емисијата „Отворено", организациски / продукциски изведена како јавна полемика пред публика составена од граѓани - жители на одредената единица на локалната самоуправа. Забележително беше отсуството на кандидатите од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ на овие јавни соочувања, а водителот редовно потсетуваше дека поканите им биле навремено испратени:

- На 25 септември, почетната дебата е организирана во Куманово. Од петмина поканети кандидати, учествуваа: Башким Османи, од Алијансата на Албанците; Дритон Сулејмани, од Беса, и Максим Димитриевски, од Коалицијата предводена од СДСМ;
- На 26 септември, во Прилеп е организиран дебатен дуел меѓу кандидатите од спротивставените коалиции предводени од СДСМ и од ВМРО ДПМНЕ, но, поради отсуството на кандидатот на опозицијата, дебатниот термин се реализираше како – интервју со Илија Јовановски од СДСМ, односно како негово соочување со граѓаните присутни во Домот на културата;
- На 2 октомври, дебатираа кандидадите за градоначалник на Скопје: од СДСМ – Петре Шилегов, од Левица – Марија Џонс, од ТМОРО – Ванчо Шехтански, од НДМ – Ѓорѓи Тодоров, и од Алијансата на Албанците - Наим Бајрами. Покрај необразложеното отсуство на Коце Трајановски, актуелниот градоначалник на Скопје и кандидат на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, кажано е дека на дебатата поради приватни причини не учествуваше ни кандидатката на Беса ни кандидатот на ДПА;
- На 3 октомври, отворена е јавна дебата помеѓу кандидатите за градоначалник на Охрид, а учествуваа: независниот кандидат Стевчо Стевоски и Јован Стојановски од Коалицијата предводена од СДСМ. На поканата не се одзвал кандидатот на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ.

Единствената дебата реализирана конкретно на тема „Локални избори 2017 година", во редовната актуелно-информативна емисија насловена „24 Анализа", евидентирана е на 29 септември, а учесници беа професорот Никола Дујовски, и новинарите Тодор Пендаров и Сафет Бишевац. Во рамките на оваа емисија, направени се и други дебатни изданија, но на теми што не се директно поврзани со изборниот процес, на

пример: „Колку пари заработуваат извршителите?" (учесници: Гордан Стојановиќ, извршител; Маријан Ристевски, граѓански сектор; Зоран Билбиловски, преставник од Канцеларијата на Народниот правобранител); „Напредокот на македонските државни реформи во прилог на евро-атлантските интеграции" (учесници беа поранешните македонски дипломати - Мухамед Халили и Ѓорѓи Филипов); реактуелизирање на т.н. „Случај Монструм" (учесници – адвокатите Валентин Зафиров и Драган Малиновски, и аналитичарот Петар Арсовски).

*Актуелно-информативни емисии*

Редовните изданија на емисиите – „Очи во очи" и „Мој термин" - „отворените студија" низ кои прозвучува гласот на општата македонска јавност за различни, актуелни, општествено-политички прашања и состојби, во периодот од 25 септември до 4 октомври 2017 година, ја опфатија следнава тематска листа:

Очи во очи:

- Кампањата за Локалните избори 2017 година;
- Претставки за 18 судии – се суди по право или по партиски директиви?
- Колку заработуваат извршителите?
- Трет ден изборна кампања;
- Ќе има ли разврска за случаите што ги води СЈО?
- Екс-функционери должат 300.000 евра за надминат лимит за службени телефони;
- ДИК и ЕУ бараат обезбедување услови за фер и демократски избори;
- Црна статистика во македонското здравство.

Мој термин:

- Апсењето на Едмонд Темелко, градоначалникот на с. Пустец (Албанија);
- Синот на Мијалков и уште две лица повикани на полициски распит за „Крвавиот четврток";
- Бурен ден за судството – предметите на СЈО заглавени, фрчат кривични;
- Треба ли заедничка комисија за т.н. - „македонски иредентизам", како што бара Грција?
- Игор Југ во притвор, ќе ги открие ли Обвинителството и огранизаторите на „Крвавиот четврток"?
- Социјално претприемништво и инвестиции – глобално искуство и локални практики;

Едночасовното издание, од 1 октомври, на „Фактор 24", актуелно-информативната емисија со документаристички пристап, за теми ги има – владината подготовка на регистар на населението, причините за одлив на млади македонски доктори, искуството на Република Бугарија со користењето на европските фондови за развој на различни општествени сфери, а направено е и интервју со ликовниот уметник Венко Цветков кој зборува за трендот – стари скопски фасади да се украсуваат со мурали.

7. **Опис на прекршувањето: /**

8. **Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 10. 10. 2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4438 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 25 септември до 4 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 10 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, емитуван од 25 септември до 4 октомври 2017 година, на македонски јазик, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**.

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на радиодифузерот, а од дневно-информативните емисии анализирани се вестите од 18 и од 22 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Збирот од времето за новинарски прилози на актуелни внатрешнополитички и општествени теми изнесува – 2 часа 46 минути и 36 секунди, што е малку над границата на минималниот статистички примерок за анализа, а собран е од изданијата на ТВ дневниците од 18 и од 22 часот, емитувани во периодот од 25 септември до 4 октомври 2017 година. Но доколку од тој информативен збир се издвојат исклучиво новинарските прилози поврзани со процесот на „Локалните избори 2017 година", ќе се види дека примерокот за методолошки обмислена анализа е – нерелевантен за извлекување какви било заклучоци во врска со начинот на кој ТВ Сонце му приоаѓа на тековниот изборен процес. Всушност, и ситната минутажа бележена за работата на Државната изборна комисија, потоа - за изборната кампања, и за другите теми поврзани со Локалните избори, се однесува само за првите три дена од официјалниот почеток на кампањата – од 25 до 27 септември, бидејќи оттука натаму, информативната редакција на ТВ Сонце – воопшто не известуваше за конкретната тема од интерес, ниту пак преку друг облик новинарски ангажман се осврна на активностите на учесниците во изборната кампања. Редовно беше известувано за економските и за дипломатските активности на Владата, придружени со реакции на директно засегнати страни (*стопанственици / стопански комори; официјални претставници на меѓународни организации / институции*), како и за тековни судски процеси. Во изданијата на ТВ дневникот, речиси секојдневно беше објавуван политичкиот став на Ѓорѓија Атанасовски – Џорџ, сопственикот на Телевизијата и претседател на партијата Македонска алијанса, фокусиран на прашања околу македонскиот државен и национален идентитет.

*Табела 1 – Структура на темите по субјекти*

| ТВ Сонце | | | |
|---|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент | |
| Активности на органите на власт | | | |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:38:16 | 28,67 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:14 | 0,92 | % |
| Судство | 00:26:26 | 19,81 | % |
| Јавно обвинителство | 00:05:38 | 4,22 | % |
| Влада на РМ | 00:51:24 | 38,51 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:54 | 5,17 | % |
| Други субјекти | 00:03:36 | 2,70 | % |
| Вкупно за тема: | 02:13:28 | 100 | % |
| Активности на ДИК и други органи | | | |
| ДИК и други органи | 00:04:56 | 100,00 | % |
| Вкупно за тема: | 00:04:56 | 100 | % |
| Други теми поврзани со избори | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:36 | 23,23 | % |
| Други субјекти | 00:04:23 | 28,28 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:02:18 | 14,84 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:02:18 | 14,84 | % |
| Влада на РМ | 00:02:55 | 18,82 | % |
| Вкупно за тема: | 00:15:30 | 100 | % |
| Активности на учесници во изборна кампања и кандидати | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:02:14 | 33,33 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:02:14 | 33,33 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:14 | 33,33 | % |
| Вкупно за тема: | 00:06:42 | 100 | % |

**Вкупно: 02:40:36**

*Табела 2 – Директни обраќања на субјектите*

| ТВ Сонце | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:02:42 | 11,19 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:03:27 | 14,30 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:00:46 | 3,18 | % |
| Влада на РМ | 00:11:41 | 48,41 | % |
| Други субјекти | 00:00:49 | 3,38 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:44 | 3,04 | % |
| Судство | 00:00:52 | 3,59 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:45 | 3,11 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:22 | 9,81 | % |
| **Вкупно:** | **00:24:08** | **100** | **%** |

7. **Опис на прекршувањето: /**

8. **Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 10. 10. 2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4440 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 25 септември до 4 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 10 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, емитуван од 25 септември до 4 октомври 2017 година, на македонски јазик, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма во периодот од 6 до 20 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Во овој извештаен период не е регистрирано централно издание на дневно-информативна емисија, кое би било предмет на мониторинг согласно Методологијата.

*Посебни информативни емисии*

Во првите 10 дена од изборната кампања беше емитувано едно издание на емисијата Стадион, реализирано како двочасовна дебата помеѓу Бетиан Китев, кандидат за градоначалник на Кавадарци од Коалицијата на СДСМ и Митко Јанчев од Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ. За време на дебатата имаше вклучување преку телефон од страна на Верица Арсова, кандидат на ТМРО и од Борис Давидов, независен кандидат.

## 7. Опис на прекршувањето: /

## 8. Предлог-мерка: /

***Сектор за програмски работи***

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

... за Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 10. 10. 2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4442 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 25 септември до 4 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 10 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно

членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, емитуван од 25 септември до 4 октомври 2017 година, на македонски јазик, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма во периодот од 6 до 20 часот, а од дневно-информативните емисии, предмет на анализа беа вестите во 16 часот и 30 минути. Со оглед на тоа дека медиумот со почетокот на изборната кампања ги одвои вестите поврзани со локалните избори 2017 во посебен сегмент, беа анализирани и вестите означени како „Локални избори 2017" кои следуваат веднаш по редовното издание на вестите.

*Дневно-информативни емисии*

Во првиот десетдневен период од изборната кампања, од 25 септември до 4 октомври, анализирани беа осум изданија на вестите од 16 часот и 30 минути, како и вестите означени како „Локални избори 2017" од 16 часот и 40 минути, со вкупно траење на прилозите од 1 час и 55 минути. Медиумот не емитуваше вести во деновите од викендот. Од вкупното времетраење на прилозите во вестите, најголемиот дел отпаѓа на учесниците во изборниот процес - вкупно 1 час и 25 минути. Сепак, минутажата не го достигнува методолошкиот минимум од 2 часа за извлекување оценки за начинот на известување на медиумот.

*Посебни информативни емисии*

Во првите 10 дена од изборната кампања не беа регистрирани посебни информативни емисии.

## 7. Опис на прекршувањето: /

## 8. Предлог-мерка: /

***Сектор за програмски работи***